**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од седмото продолжение на Педесет и седмата седницата на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 26 октомври 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иљаз Халими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дами и господа пратеници, го отворам седмото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ванчо Ѓорѓиев и Илинка Митрева, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на оваа седница.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека во салата се присутни 55 пратеници, меѓутоа во меѓувреме, бидејќи дојдоа повеќе од 5-6 пратеника, сметам дека имаме кворум и Ве молам уште еднаш да го утврдиме точниот број на присутни пратеници.

Ве молам, притиснете едно од копчињата во системот за гласање.

Присутни се 61 пратеник.

Значи присуствуваа доволен број пратеници, за да продолжиме со работа.

Според редоследот на пријавените пратеници, на ред е господинот пратеник Благоја Стојковски.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Господине потпретседателе, уште кога заврши последниот дискутант, се јавив за збор, но бидејќи беше прекината седницата, затоа ве молам да ми дадете збор.

Јас немав намера да се јавам за збор, но бидејќи некои работи се сакаат во негативна смисла да се хипордаризираат, во однос на инцидентите по повод локалните избори на 10 и 24 септември 2000 година, а да се минимизираат инцидентите, односно настаните за повторување на изборите од 1994, 1996, па би рекол и 1998 година, јас ќе се вклучам не во расправа, но во еден вид на реплика, од причина што, таа дискусија на последниот дискутант, повеќе личеше на чаршијски муабет, но со содржина на мангупско однесување и тоа тетовско.

Дискутантот прашуваше, односно рече дека и порано имаше политичко насилство, но сега има класично насилство.

Според мене, пораката на последниот дискутант е дека треба да има насилство, но на школски начин, како тоа го изведуваше порано поранешната Влада, во чија Влада беше и последниот дискутант.

Потоа, рече дека голем дел од одговорноста носат политичките партии, но и државните органи, без да наведува кои политички партии. Според мене, тоа е партијата на последниот дискутант, од причина што ние како партија воопшто ниту имавме потреба за насилство, бидејќи според сите наши внатрешни сондажи и меѓународните, што биле заинтересирани, масата, односно електоратот, беа со нас и затоа немавме причина за некоја репресија.

Што се однесува до тоа што рече дека во 1994 година имавме независен кандидат, кој победи во Тетово, чие име не го спомна господинот. Се работи за поранешниот пратеник Хисен Рамадани, кој беше независен од формално правна страна, со документација, но тоа беше јасно за сите граѓани во Тетово дека Рамадани не бил независен кандидат, туку бил член на таа партија. Тоа беше една тактика, бидејќи Хисен Рамадани беше и советник на поранешниот претседател на државата. А што е тоа што не може да се трпи и што зборува за лицемерие е фактот што го изнесе дека на локалните избори 1996 година, добил за градоначалник еден независен кандидат. За јавноста и повеќе за присутните во салата, се работи за еден независен кандидат, кој победи во едно село, односно бил селски градоначалник четири години во општината Шипковица. Значи, тој бил ученик на Јосип Броз Тито, беше школуван во Кумровец и логично дека тој беше во корист на тогашната Влада тој да победи.

Инаку заборавил господинот дека во 1994 година, еден кандидат од таа партија, во Изборната единица 81 Џеладин Мурати, само на две избирачки места во неговото родно село добил 49% од гласовите, за да биде избран како пратеник. Потоа, заборавил дека 1994 година во Изборната единица 49 пет пати беше повторувано гласањето, само да не добие сегашниот потпретседател на

ДПА господинот Мендух Тачи, за да добие неговиот противник, кој сега е пратеник во ова Собрание. А како беше тогаш избран тој против кандидат, јас ги молам камерманите да ја вперат камерата кон овој аргумент, пишан аргумент, од тогашниот против кандидат господинот Мендух Тачи. Потоа, заборавил дека градоначалникот на општината Тетово, кога беше избран 1996 година господинот Алајдин Демири, што беше жртва на таа поранешна Влада, се гласаше во Тетово шест пати. Овие аргументи не се битни за последниот дискутант и така, површински некои работи сака овде да ги изнесува, но тоа е демагошко однесување и тетовско мангупско однесување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Билал Љутфиу.

За збор се јави господинот пратеник Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, навистина, подолго време расправаме по мене, за една од најбитните теми за кои Парламентот треба да расправа. Тема, за изборите кои во сите демократски општества се ставени во неколку фази и тоа предизборна кампања на тие избори, па имаме молк и го имаме најсвечениот и најбитниот чин од изборите, чинот на гласањето.

Овде не сакам да зборувам за тоа какви кампањи се воделе, како се водеа, бидејќи во демократските општества кампањите какви ќе ги водат, какви ќе бидат, одговорност сносат политичките парти и тие политички партии пред своите органи поднесуваат свои извештаи и добиваат оценки позитивни или негативни. Дали кампањата била мирна, достоинствено, зависи од политичките партии, дали на митинзите кои ги одржувале во местата, секогаш можеле да воспостават ред, тие митинзи да завршат онака како што треба, достоинствено и секој граѓанин да се чувствува дека е граѓанин на ова општество. А какви се тие, дали се агресивни, или не, кажав, ние тоа нема да го цениме, бидејќи не сакам овде да потсетувам и да кажувам сега каква беше кампањата на владеачката коалиција 199В година. Кампањата отиде дури до таму да се склучува договор со граѓани. За 100 дена ќе направиме ова, ќе направиме она, дадовме гаранции, меѓутоа, тоа е кампања. Така ја водевте кампањата и успеавте да ги добиете изборите.

Сега се наметнува од некои овде прашањето и сака да се избегне она итното: кој ги организираше изборите и чија е одговорноста. Кампањата ја организираа политичките партии. Ако била кампањата на коалицијата Заедно за Македонија, агресивна, да ве прашам нешто што значеше изјавата ако била 10% помалку гласови од гласовите на коалицијата Заедно, ќе има предвремени парламентарни избори. Таа изјава не ја даде опозицијата, ја даде претседателот на Владеачката коалиција. Тоа беше еден повик до сите директори, до сите началници на јавните претпријатија, на подрачните единици, до сите министерства, до сите установи на медицински центри, директори, началници, да се биде или да не се биде. Тој повик беше даден од претседателот на Владеачката коалиција. Таквиот повик, сигурно дека не беше пријатен, знаејќи го рејтингот, односно моменталниот рејтинг кој во првиот изборен циклус се потврди дека рејтингот на Владеачката коалиција е низок и дека никој од нас овде не сакаше да оди на предвремени парламентарни избори. Затоа, мораше да се трча, да се прави се, за да се обезбедат гласови. Значи, нема да дискутирам за кампањата. Сакам да кажам дека правата демократија во едно општество се крунисува со денот на изборот. Затоа во тоа општество има молк 48 часа. Граѓанинот треба да се одмори од сите политички работи што политичките партии му ги натурале, да знае како и на кој начин да го даде и својот глас, а власта е таа која во тој молк ги презема сите потребни мерки, гласањето да биде навистина, фер и чесно: преку делење на избирачки списоци, кутии и се она што треба власта да ја заврши работата. Кажав дека чинот на гласање е круна на демократијата, тоа е миг кога граѓанинот слободно може да го даде својот глас за одредена програма, за одреден кандидат, кој најдобро може да ја спроведе таа програма, по свое лично убедување. Тоа е неприкосновено, тоа е свето право во демократските држави. Тоа е основа на секој демократски процес, тоа е стожерот на демократијата, а сите знаеме дека стожерот на демократијата е граѓанинот. Се прашувам, дали во Македонија овие основи на демократија, навистина се остваруваат онака како

демократскиот свет ги има зацртано. Дали граѓаните слободно гласаат, дали гласа еден граѓанин за еден глас, дали денот на гласањето е свечен.

Јас како учесник на сите избори од 1990 година, активен учесник 1994, 1996, 1998, 1999 и 2000 година, кажав како активен учесник, мора да кажам нешто: 1990 година беа првите повеќепартиски избори во Република Македонија. Тоа беа пионерски. Меѓутоа, морам да кажам дека имаше неправилности, меѓутоа немаше ранети и убиени. 1994 година исто така се изведоа избори на кои повторно морам да кажам иако беа втори по ред имаше неправилности, но морам да кажам дека и на тие избори немаше убиени, немаше ранети, немаше тепање.

Во 1996 година, се одржаа првите локални избори на кои вон парламентарната опозиција освои многу советнички места, многу градоначалнички места, го освои и градоначалничкото место на Скопје. Меѓутоа, имаше жалби, имаше прегласување, но јасно е дека немаше убиени за време на изборите на гласачките места, немаше тепање, немаше изболено.

Што се случува во 1998 година. Во 1998 година, кога дојде трансферот на власта, се организираа избори парламентарни, кои добија највисоки оценки од сите меѓународни институции за фер, чесни и демократски избори. Што се случи? Тогаш бевме на власт. Во Кичево нашиот кандидат губи избори само за седум гласа. Сега тоа е невозможно, морам тоа да го кажам. Тоа беа избори. Тоа беа избори кои ги отворија вратите на Македонија према Европа и верувам дека не постоеше човек кој ги слушна оценките од сите релевантни институции за овие избори, дека навистина вратата на Европа е широко отворена, дека секој граѓанин тоа го посакуваше, знаејќи дека просперитетот на Република Македонија е можен само доколку Република Македонија влезе што побрзо во институциите на Европа. Тоа беше така, се отворија широко вратите кон Европа и мора да кажам очекував 1999 година дека претседателските избори уште повеќе ќе бидат фер, подемократски и уште повеќе ќе ја отворат вратата на Македонија кон Европа и што побрзо ќе можеме да размислуваме за подобар и поубав живот на сите нас, а и на нашите генерации.

Што се случи 1999 година? 1999 година за жал, во Република Македонија се промовираше право на насилство, се промовираше право на суспензија на гласачкото право на граѓанинот. Кога велам се промовираше. Ќе остане така ако не биде поткрепено со факти. 1999 година имаме претепани пратеници, имаме ранување од огнено оружје, имавме претепани и изболени со шило членови на избирачки одбор во село Власинци. Шило наменето за глава, меѓутоа, човекот ставил раце и четири сантиметри шилото влегло во рака. "Боже си бил добар што не си дозволил да влезе во главата".

По овие избори, по добивањето на оценките очекував дека нешто ќе се случи позитивно во Република Македонија. По однос на промовирање на право за суспендирање на глас, или поточно, промовирање на право на полнење на кутии, мора да кажам дека во некои делови оттаму од каде што потекнувам се надмина Енвер-хоџиниот рекорд од 99%, се гласаше, се полнеа кутиите 100%, а спрема извештајот на Државната изборна комисија и над 100%. Математички невозможно, меѓутоа возможно политички. По однос на тоа, добивме дебели забелешки, меѓутоа, по овие избори институциите на власта не презедоа ниту една мерка за поднесување на пријави за жигосување, за делување на правна држава, за ниеден од овие случаи што ги напомнав. Ако на избирачкото место има претставник на позицијата и опозицијата има и еден независен член претседател на одборот. Дали некој претседател од јавниот обвинител го нема денеска, или од некои други институции бил запрашан како тоа 100% се гласаше. Дали некои или истите тие останаа за да ја завршат работата која потоа дојде. Немаше пријави против водачот од Власинци, немаше пријави против употреба на огнено оружје, па затоа се прашував, зошто ова вака се случува. Одговорот го добив во 2000 година. Истите тие што 1999 година, со факти што ги кажав беа носители на промоцијата на насилство на изборниот ден на избирачкото место, повторно ги видовме во истата светлина во иста работа, во полнење на кутии, Куманово доби во првиот круг гласови, меѓутоа во едно село се забележа гласање од 98%, меѓутоа морам да ви кажам дека некаде околу 15% не се подигнати легитимации.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение).

Значи, пак суспендирање на право на власт за секој граѓанин да може да си го изрази својот глас за оној за кого сака, пак полнење на кутии и замислете, пак

овие кутии се наполнети за кандидатите на позицијата. Не се за кандидатите на опозицијата. Тука добивме и некои изјави дека граѓаните Албанци така традиционално гласале и затоа такви резултати има. Тоа било традиција. Морам да ви кажам, да ве демантирам сите кои протуруваат таква работа, или протураат работа на неукост, со факти.

Во 1994 година бев кандидат за пратеник и во вториот круг влеговме: претставник на Демократската партија на Србите, претставник на ПДП лекар и јас претставник на Сојуз за Македонија. Изборната единица броеше 9 илјади гласачи, а беше некаде 30 со 30 од гласачкото тело, Албанци, Срби, Македонци. Да ви кажам одговорно овде, дека во с. Ваксинци и во с. Лојане се изврши гласање. Дојдоа сите жители што можеа да дојдат од странство, излегоа да гласаат и мажи и жени и постигнаа процентот 84%. 84%, но не 100%.

Во 1998 година повторно сум кандидат и повторно имам села со албанско население. Во с. Черкезе каде бев кандидат, каде имаше и противник од друга политичка партија, се постигна гласање на сите таму што излегоа, со 63%. Значи не се гласа традиционално, не се гласа неуко. Срамота е некој да го каже тоа кога ги имаме овие податоци, од 1994, од 1998 година. Тука се промовираше нешто друго. Не да гласаат граѓани, туку еден силник, или насилник ако сакате кажете го, да гласа не за своја фамилија од 10 гласа, туку да гласа за свој реон, на село од 20-30 гласа. Не да гласа, туку да ги наполни гласачките кутии. И гледајќи ги тие личности дека се исти носители, кај мене се наметнува еден логичен заклучок, зошто овие не беа изведени пред институциите на државата. Логичен заклучок не може да биде друг освен да се каже дека носителите на оваа работа се во спрега со власта. Нема друго. Како можам да си објаснам сега да се возат куп коли без регистрација. Ајде еден од вас овде, на чело со мене да излеземе и да возиме кола без регистрација. Готови сме, веднаш, ако сме пратеници, ќе бидеме казнети, бидејќи не го почитуваме основниот закон за сообраќај. Кој ги вози тие коли? Опозиција? Не дај боже веднаш ќе не стрпаат како што не стрпаа. Се знае тие што ги возат автомобилите сега и во третиот круг на прегласувањето ги возат, нема друго освен да се во близина, да не кажам во спрега со власта. И не можам сега да ја лоцирам одговорноста за овие работи во политички партии. Политичките партии носат одговорност до водењето на кампањата. Потоа, за спроведување на афери итн., тоа е на власта. Меѓутоа, која власт? Која власт ако таа учествува во овие работи.

Морам да кажам дека овде се промовираше и уште нешто друго. Еден пратеник рече дека добил писмо за судии во избирачките одбори. Во Куманово судијата на изборната комисија е сменет. Значи, точно е тоа што го тврдеше пратеникот. И гледајте што се случува? Позицијата поднесува забелешки на гласањето од првиот круг, за Куманово 21 забелешка во 21-но гласачко место каде има и доминантно население од албанската популација. Судијата доаѓа на седница и вели, јас сум за тоа сите овие приговори да ги прифатиме без да ги читаме, јас не сум правник, меѓутоа некој да те осуди без да прочита, не можам тоа да го сфатам. За тројца, нормално претставници на позицијата и судија против опозиција. Не ми е јасно како може ова да се случи. Можно ли е во една правна држава ова да се случува. Меѓутоа, морам да кажам дека натамошниот тек на сето тоа јасно, и јас очекувам дека овој судија во блиска иднина ќе биде награден со некоја повисока судска функција, или со некое претседателско место во судот. Меѓутоа, ова го кажувам пред сите вас и тогаш кога ќе дојде на дневен ред ќе станам да го кажам ова затоа што сакам, пред се, тој судија да си ја врши својата судска должност, бидејќи ова е трета власт на едно демократско општество.

Што се случува?

По изготвување на бела книга или на извештај на ПДП во кој поименично се кажани лица со име и презиме, поминуваат некаде 10-15 дена и добиваме информација од МВР во која сега пак тие имиња и презимиња, нормално тоа е од МВР се обележени со иницијали. Немаше каде да оди МВР, мораше после 10-15 дена поминати од изборите да ни ја достави оваа информација. Меѓутоа информацијата како информација ја имаме, битно е и една друга работа. Дали почитувани пратеници прочитавте што пишува во таа информација од МВР. Што доживеавме во 2000 година на локалните избори кога се случи убиство, кога отиде еден млад човек за некојси глас, кога имаме мртов човек

затоа што му впериле пиштол во ребра, а тој што му вперил на него ако некој му вперил да видиме како ќе се однесува, имаме информација со ваква содржина. Само за првиот круг во кичевско, скопско и тетовско се поднесени некаде околу 35 пријави од МВР за време на денот на гласањето и тоа со вакви квалификации: убиство во обид; пукање од огнено оружје, (тоа стои во информацијата на МВР), недозволено држење на оружје или распрскувачки материјал; физички напади; спречување на избори и гласање, и сето тоа се случува на гласачко место. Не се случува надвор од гласачко место туку на гласачко место.

Се прашувам, зошто МВР овие работи веднаш не ги расчисти, зошто и сега немаме информација да знаеме кој пукаше во несреќното дете во с. Кондово. Кој е логичен заклучок. Дали опозицијата и позицијата, овде што се партии, се криви што не е откриен тој, или се криви институциите на власта. Дали институциите на власта навистина работат како што треба, или поминува со вакви, еве пак од информацијата на страна 14 каде што се зборува за с. Младо Нагоричане, се наведени иницијали, драго ми е што се иницијали.

Стојат иницијали АР. Во последната реченица од стр. 14 пишува: "се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето и расчистување на случајот". Овде се иницијали, во пријавата на МВР се со име и презиме. Не постои човек во Куманово, не постои човек во Македонија, а верувам и во поранешна Југославија, кој не го знае ова лице. Само не верува министерот за внатрешни работи, бидејќи таа ја има потпишано информацијата, но не можела иницијалите да ги протолкува. Сега дали да веруваме на оваа информација, информација добиена од институција на власт. Не, не можам да верувам. Се уште се плашам дека на власта не и погодува сите тие работи да ги расчистиме, власт која во 1999 година нареди да се исклучи струја, а сега во третиот круг кога овде расправаме, нон стоп расправаме за неправилности, во 18,30 часот се исклучи струјата во с. Старо Нагоричане, бев многу години таму директор и нормално релевантно ги кажувам овие работи. Значи, не можеме да зборуваме за некои работи кои не се во надлежност на политичките партии, надлежност се на власта и власта мора да работи по Уставот, без да води сметка кој во која политичка партија е. Уставот гарантира еднаквост и рамноправност на секој граѓанин. Оној кој ги крши законите му следува тоа што треба, без разлика дали е од опозиција или од позиција.

После вакви работи на непреземање на мерки, што се чудите колеги пратеници што ваши домови беа нападнати, каменувани и ваши фамилии малтретирани затоа што сте поминале од една во друга политичка партија. Во првиот мандат имавме преминување, напуштање на една политичка партија и никој не каменуваше. Во вториот мандат на овој Парламент двајца пратеници ја напуштија партијата, отидоа во друга партија и никој не ги каменуваше. Сега каменување.

Меѓутоа, ако пак ја прочитате информацијата на МВР, во таа информација стојат имиња и презимиња на голем број началници од медицински центар, началници од подрачни единици, искажани, со име и презиме се во информацијата - учесници во толпа. Јас морам да ви кажам дека пред овој Парламент ќе барам секогаш да видам не за ова учесници во толпа во Куманово, туку за оваа информација што ни ја даде МВР, што е преземено од надлежните институции.

Гледајќи го сега и ова прегласување како оди некаде, верувам дека власта се уште не може да сфати или не сака да сфати дека за таа власт е многу битна и оценката на меѓународните институции за начинот на изведување на изборите. Оценките ги знаете сите, ги знае цела македонска јавност. Меѓутоа, јас како граѓанин сум загрижен поради тоа што, ако тие оценки не се добри, нашето одење во Европа ќе биде многу подалечно. Не само што јас можеби нема да ги почувствувам овие благодети за кои сите се надеваме, туку и генерациите по нас што доаѓаат не ќе можат да ги почувствуваат. Затоа нема да се согласам ова да остане вака, без да се преземаат соодветни мерки од институциите. Ние овде донесовме една осуда за потпаролот на Владата да ни се извини. Потпаролот ги кажува само зборовите на Владата. Владата рече дека расправаме за глупости во Парламентот, а ние расправаме за животи на луѓе. Како може оваа влада да

поминува така лесно преку тоа. Па вие од опозицијата и од позицијата таа Влада ја биравте. Како може да каже дека вие овде расправате за глупост. Ајде за нас од опозиција нека каже. Тоа не можам да го сфатам и мислам мораме да расправаме. Мораме да расправаме и да изнајдеме решенија, бидејќи граѓанинот во овој највисок законодавен дом гледа дека покрај високата законодавна функција овој дом ја има и контролната функција на извршната власт. Народот гледа и немојте да мислите дека не не слушаат што зборуваме и како зборуваме. Тие се стрпливи, не слушаат затоа што сакаат сите Македонија да оди напред, а не да се враќа назад. Македонија ќе оди напред ако имаме фер и демократски избори, ако имаме развој на демократските односи подобри од 1990, подобри од 1994, подобри од 1996 од 1998, подобри од 1999 година. Само тогаш можеме да бидеме среќни што живееме во оваа република.

Јас морам да кажам дека не смееме, ние овде во домот така ги завршиме нашите дискусии. Мораме да бараме дали Анкетна комисија, дали друга комисија, дали заклучоци, во кои ќе ја дефинираме точно одговорноста, а јас точно ја дефинирав одговорноста, меѓутоа преку Анкетна комисија, но не по она старото, формирај комисија за да се заборави, туку комисија која во рок од месец дена сите овие работи, користејќи ги информациите на МВР, користејќи ги дискусиите овде, користејќи ја белата книга на ПДП, СДС, ДПА, на ВМРО, на ДА, сите овде што сме присутни, да се изнајдат и да се жигосаат виновниците за граѓанинот да знае дека на идните избори ќе оди свечено облечен, а да оди со шлем на главата. Денот на изборите е свечен ден. Тој ден власта мора да го направи свечен, да ми гарантира на мене безбедност. Еден мој млад колега рече ќе кажам ама ако ти ми гарантираш безбедност. Не, безбедност на сите нас мора да ни гарантира власта, мора да ни гарантираат институциите на власта и тие институции мора да работат како што треба. Се плашам дека може да дојде до она што ќе ни се случи во Кондово, во вториот изборен круг немаше гласање. Ако сме во ваква состојба ќе нема гласање во Македонија.

Уште една работа. Не сакам, а не верувам дека некој од вас сака, да дозволиме да го доведеме граѓанинот до таа состојба, сепак да си го оствари тоа свое право на гласање, но да го оствари таму на бирачките места, пред изборните комисии. Не верувам и не сакам бог да даде тоа право да го остварува на улица. Тогаш нема позиција, нема опозиција. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Благој Стојковски за учество во расправата.

Има збор господинот пратеник Иванов Мирко.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колешки, колеги пратеници, доста денови се зборуваше за изборите, се зборуваше општо за изборите во Македонија, па и за овие сега локалниве и за претходните парламентарни и дури се враќавме и поназад и на претходните парламентарни. Јас повеќе би зборувал и за локалните, но сигурно не можат а да не се спомнат парламентарните, бидејќи и тогаш во Делчево се случуваат, така да ги наречеме активности, како што сега се случуваа на локалните избори.

Јас би почнал со предизборието на овие локални избори.

Уште со самите пријавувања на кандидатите за градоначалници, на советничките листи, коалицијата за промени или актуелната власт се подготвуваше за изборите да направи, слободно смеам да кажам, и не да кажам туку и така беше, фалсификат.

Невидена работа, да се поднесува листа на советници без да се прашуваат луѓето, да се ставаат на листата. Листата се поднесува до комисијата и таа си поминува и никако комисијата и претседателот на комисијата кој е судија, а за кој и јас во овој Парламент имам кренато рака и го ценев како судија кој суди по законите, а не по налозите на некој, мислам дека сега си дозволи сите ние го добивме материјалот дека има кривични пријави, сигурно тука е еден од замениците на републичкиот обвинител, има кривична пријава токму за една госпоѓа, доктор по струка, која си дозволила коалицијата за промени да ја стави на листата, без да ја праша, без да е член на партија од коалицијата. Таа се наоѓа во странство и после нејзиното враќање не можеше таа, со нејзините изјави, со нејзиниот притисок и кај претседателот на судот и кај другите, не можеше никако да докаже дека не треба да стои на листата, оти не дава своја изјава. Верувајте.

**МИРКО ИВАНОВ:** (Продолжение)

Па, ако е тоа демократија да може кој ќе ти текне, било кој да го ставиш на листата и да биде на советничката листа, или кандидат и народот да го гласа, ја мислам дека тоа ги поминува сите можни граници на демократијата. Оваа госпоѓа за да докаже дека е тоа така, која ја ценам посебно како добра домаќинка, добар доктор, сигурно и затоа е ставена на листата, за да може рејтингот на партијата ВМРО - ДПМНЕ да се поткрене и да бидат што повеќе советници, таа оди до тој степен да мора да поднесува и пријава преку обвинителството кривична пријава, дадено е во извештајот од Републичкото обвинителство, Петровска Тонкица. Тоа е таа госпоѓа доктор, која поднесе пријава не на друг туку токму на претседателот на Комисијата, кој е судија во судот.

После кажувањата дека ќе се даде листата на испитување дали е нејзин потписот, иако таа тврди, не и се верува, затоа што така треба да биде, се дава да се врши графолошко вештачење во Министерството за внатрешни работи, се враќа графолошкото вештачеше и се кажува дека потписот не е нејзин, но вештачењето не и се дава на дотичната особа, ниту се враќа кај обвинителот се додека не поминат изборите и се уште не и е дадено. Како оваа дама, оваа почитувана госпоѓа да докаже дека не е член на ниедна партија и не сака да стои на ниедна листа, јас така можам да предложам да направиме една советничка листа, малку да карикирам, можевме во Делчево да ги ставиме лицата Бранко Црвенковски и Љубчо Георгиевски и да ги добиеме сите советници, едните ќе гласаат за едниот, другите заради другиот и ќе беше се во ред.

Почитувани пратеници, мислам дека не е смешно, туку е жално, затоа што не беше само таа така ставена, туку беа ставени уште неколку и тоа исто така доктори, стоматолози кои се обидоа, но по извршениот притисок врз нив и нивните семејства тие се повлекоа од листите. Тие прифатија дека се потпишале и кажаа овој потпис не е наш, но еве наш е. Ако е тоа демократија, ако тоа оваа Комисија и овој г-дин судија, кој ја водеше навистина ја водеше правилно мислам дека тогаш нема фалсификати, немаше измени, нема притисок.

Јас го сфаќам г-динот судија, кој посебно го ценев и го ценам и понатаму, бидејќи врз него се изврши огромен притисок. Се изврши огромен притисок и сигурно и ветувања дека сигурно во наредните избори ќе биде претседател на судот итн. Притисокот го вршеше, не некој друг туку лично кандидатот за градоначалник, за кој можам да кажам дека во Македонија е единствено.

Началникот на полицијата 2 години беше началник на полицијата и претседател на ВМРО - ДПМНЕ. Јас мислам дека кога претседателот на партијата го ставаме началник на полицијата со посебни овластувања, зарем тоа не е партизирана полиција, ако тоа не е партизирана полиција, ако за тоа можеме да кажеме, тогаш незнам која е партизирана. Сигурно началникот на полицијата за кој што се уште мислам дека е началник, а сега е и избран градоначалник, но се уште е началник затоа што нема нов началник и секојдневно човекот си предстојува и во Собранието и во полицијата, што значи и понатаму комплетно си ја води и полицијата и општината.

Господа, ние мора да расчистиме да се знае што е локална самоуправа, што е полиција затоа што таа полиција треба да не штити сите нас граѓаните, од последниот до првиот, од претседател на државата па до чистачот на улиците, нека ми извини, да не се чувствува понижен.

Така да, за тие избори во Делчево таква беше предизборната состојба во Делчево.

Сега малку би се навратил на периодот помеѓу двата круга.

Во првиот круг на изборите во Делчево не доби ниеден кандидат. Јас ќе бев најсреќен после сите настани помеѓу двата круга да добиеше уште во првиот круг кандидатот на ВМРО - ДПМНЕ, да не се вршеше таа репресија врз луѓето, која се вршеше во претпријатијата, во институциите. Само еден пример ќе ви наведам за истата дотична лекарка, која меѓу двата изборни круга ја посетив во амбулантата заради еден мој пријател кој беше таму на дијализа и влегов кај неа на 5 минути да прашам како е човекот. Директорот на Здравствениот дом ја викна докторката  и и вика од утре ќе ти дадам решение за Дебар, што бараше пратеникот кај тебе? Верувајте ми сум се срамел што сум растел, што сум роден, што живеам во Делчево. Докторката со плачење излегува од кај директорот, ама да ви кажам зошто е тоа така.

Тој директор, тој слуша сега и фактите зборуваат, јас немам пишан говор, го кажувам тоа што е доживеано во општината. Тој доктор е 2 години ВД

директор и секои 2-3 месеци го потсетуваат дали знаеш дека се уште си ВД. И човекот е честит човек, добар, но сега му е срам да се повлече назад, а ни напред. За да стане директор, да му се даде решение треба да слуша. Ако не слуша нема да биде. И се уште е ВД. По кој закон? Јас незнам, не сум правник но меѓу вас сигурно има доста правници кои ги познаваат законите. По кој закон може да биде директор на Здравствен дом, или на било која организација ВД директор 4 години. Јас мислам дека има некои правила, има некој закон. И не е само тој. Има уште неколку во образованието. ВД директори по 2 години, по година по година и пол само за да им се врши притисок и секој ден да се потсетуваат луѓето.

Така не се водат избори и тоа не е демократија. Мислам дека г-динот премиер и претседател на партијата ВМРО - ДПМНЕ, мојот сограѓанин треба да се помисли и да си рече, како луѓе кои треба да сакаме во Делчево луѓето да ги зближуваме да соработуваат, да правиме нешто за гратчето и за општината добро, а со тоа и за Македонија, а не да пратиме кој каде ќе оди, со кого ќе разговара и да се чудиме, да најдеме начин како да им се светиме. Да го смениме од директор, да го смениме од раководител, така да кажам уште да го нападиме од општината. Тоа не е демократија. Така демократија не се води.

Затоа јас му порачувам уште еднаш на г-динот Георгиевски за во Делчево ако сака да го почитуваат и него и мене, бидејќи многу му е криво, да споменам само, на него многу му било криво што не бил почитуван. 1998 година кога дојде во Делчево на митингот, кој беше јавен, кој го пренесоа после и во цела Македонија, Телевизијата кажа: И сега ако го избереме г-динот Мирко Иванов тогаш нема да дојдам во Делчево и 20 години ние ќе го кандидираме Иванов. Фала му. Јас од него и од неговата партија не сакам да бидам кандидиран. Јас кога мислам да се кандидирам сам ќе се кандидирам со партијата на која припаѓам.

Сакам да споменам и за нападот на домовите на почитуваните колеги пратеници од ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција. Навистина ми е тешко и криво, но можеби јас најмногу знам како изгледаат тие работи. Не го зборувам напамет тоа кај мене господа пратеници од ВМРО - Вистинска во мојот претходен мандат и 1998 година кога бев избран на три пати доаѓаа такви толпи. Се пукаше со пиштоли преку куќата. Ќерката која има само 11 години плачеше во куќата, и жената, од истите такви хулигани како што доаѓаат кај вас. Извикуваа најпогрдни зборови, свиреа со музиката која ја носеа, носеа и балони за да можат добро да ја напијат и да можат силно да викаат, извикуваа погрдни зборови и на музиката и плаќаа пари за да свири посмртен марш пред мојата куќа. И тоа го имам доживеано. Така да не е ништо чудо на оваа партија да може да организира такви свечености, ако сакаат тие да ги кажам свечености.

Така да сето тоа што го имаме доживеано во Делчево, со таков притисок само за да може ВМРО - ДПМНЕ да освои власт, еве сега ја освоија локалната. Ние ама ни со еден гест им честитавме, им кажавме добро да ја водат општината да кажат каде треба да помагаме за да биде добро за општината и за граѓаните. Тоа го велам и пред вас и пред македонската јавност така го кажав и пред општината. Да направиме што подобро за сите граѓани, да не ги делиме граѓаните на подобни и неподобни, на такви и онакви, туку да ги обединиме и да направиме подобро за да можеме сите како граѓани на општината, а воедно и на Република Македонија да живееме заедно.

Најмногу ми паѓаше тешко кога доаѓаа во толпи кај мене и викаа "да умрат комунистите". Јас со тоа и се помирив, бидејќи јас почитувани пратеници како претседател на Сојузот на синдикатите 1986 година, лично потпишав одлука со мој потпис на Советот на синдикатот г-динот Георгиевски да користи стипендија на Титовиот фонд и ја користеше по предлог на Општинскиот комитет како млад и добро надежен член на Сојузот на комунистите. Благодарам на вниманието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Мирко Иванов.

Реплика бара г-динот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, се јавувам во вид на реплика поради тоа што сум бил спомнат од одреден пратеник околу тоа што станало во изборите 1994 година и на изборите 1996 година.

Ве молам господа пратеници дали е на дневен ред тоа што се случувало на локалните избори во Западниот дел на Македонија во 2000 година, или имаме на дневен ред 1994 и 1996 година. Немам ништо против да се расправа и за тие две точки, да ги ставиме на дневен ред, да се расправа и за 1994 и за 1996, да се

расправа и за 1998 година, меѓутоа многу битно ни е сега еднаш за секогаш да расправаме за точката што е на дневен ред, затоа што јас гледам тука одредени пратеници од одредени политички партии кои сакаат да се скријат за сето тоа што го направија 2000 година.

Ве молам господа пратеници, сега ќе му реплицирам на г-динот иако не е тука, меѓутоа сигурно од некаде ме слуша.

За 1994 година, кога јас бев кандидат за пратеник во изборната единица во Тетово, дотичниот г-дин подобро ќе се информира од потпретседателот на Собранието и од потпретседателот на Владата на Република Македонија, дека тие двајца ми беа едниот претседател другиот секретар на партијата.

Второ, 1996 година јас Абдуладиi Вејсели бев кандидат за градоначалник во Општина Тетово, меѓутоа јас не отидов во вториот круг се откажав. А знаете ли зошто? Се откажав поради тоа што против кандидат беше еден голем анти албанец, тоа беше Томислав Стојановски - Бомбај. Јас се повлеков за да добие вашиот кандидат.

Од друга страна има уште еден фактор што влијаеше да се повлечам во вториот круг на изборите. Поради тоа што вие во тоа време на Албанците низ цела Македонија им ветивте дека во ова Собрание ќе се зборува на албански јазик, што јас и ден денеска не можам да го искористам тоа. Мене ми е жал, денеска ќе ви се обратев на албански јазик, меѓутоа затоа што претседавач на денешната седница е г-динот Илјаз Халими, не сакам да го злоупотребувам тоа. Меѓутоа од денеска еве ви кажувам, кога ќе ја водат седницата г-динот Саво Климовски и неговиот потпретседател г-динот Томислав Стојановски јас на оваа говорница ќе зборувам на албански јазик.

Втора работа. Тогаш ветивте дека албанското знаме ќе виори насекаде низ Македонија. Тогаш ветивте за тетовскиот универзитет, за кој донесовте Закон за укинување на тетовскиот универзитет и ред, ред други работи. Затоа јас се повлеков од изборите 1996 година.

Што се однесува до изборите 1998 година ние заеднички настапивме на тие избори. Двете албански политички партии настапивме заедно за да ја постигнеме целта, да ги реализираме сите наши фундаментални интереси. Меѓутоа од тоа знаеме што е реализирано.

Четврто, јас мислам дека ние како пратеници тука ќе треба навистина да расправаме за точката што е на дневен ред. Никој од нас не треба да ги рехабилитира нивните насилници, било да е ДПА, било да е ПДП, ВМРО, СДСМ и т.н.

Господа пратеници ако ние ги браниме физичките насилници кои направија хаос на овие избори во 2000 година, не сме постигнале ништо. Јас мислам дека тука сите заеднички треба да бидеме самокритични, да ги критикуваме и своите редови за да постигнеме наредните избори да бидат фер и демократски.

Јас само едно ќе ви кажам. Многу црно ни се пишува, посебно на нас Албанците во светот. Јас пред неколку дена заедно со г-динот Јордан Бошков од ВМРО - ДПМНЕ бевме во Сојузна Република Германија. Бевме гости ка Комисијата за надворешна политика на Бундестагот, верувајте дека тие се фаќаат за глава за тоа што се случи на локалните избори 2000 година во Западниот дел на Македонија т.е. кај Албанците. Знаете дека црно ни се пишува. Јас морав половина саат да им кажувам дека Албанците не гласаат еден за десет, дека и Албанците се цивилизирани луѓе, меѓутоа не е гласање тоа едена за повеќе луѓе, туку тоа се насилнички групи кои влегуваат во избирачките одбори, ги земаат претседателот и членовите на избирачките одбори, ги затвараат во одредена канцеларија, или било каде, ги наполнуваат кутиите, и тоа се тие избори. Затоа во овој правец ги молам сите, посебно вас, за да станеме еднаш за секогаш да речеме стоп на тоа насилство, затоа што така повеќе не оди. Кога во овие времиња имаме фер и демократски избори во една тоталитарна Југославија, со тоталитарен режим што го имаше, имаме фер и демократски избори, имаме фер и демократски избори во Албанија, да немаме фер и демократски избори во Западниот дел на Македонија. Ве молам, дали ќе потпаѓаме ние под таквите влијанија уште понатаму. Дали некој ќе биде наш падрон. Ве молам еднаш за секогаш да сфатиме дека тоа не е добро ни за нас ни за вас. Тоа не е добро за сите Албанци во Македонија, не е добро за целиот народ што живее, за сите граѓани на Република Македонија. Сега, јас да почнам ли да кажувам за сите информации што ги имам? До каде ќе одиме со тие реплики.

Толку за сега, ако има потреба ќе се јавам пак.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Абдуладиi Вејсели. За реплика се јави г-динот Пратеник Билал Љутвиу.

**БИЛАЛ ЉУТВИУ:**

Благодарам г-дине потпретседателе.

Знам дека на последниот дискутант му е тешко да зборува за локалните избори 1996 година, затоа што тој не сака да се споменуваат изборите од 1996 година сигурно од причина што тој, за тој биле жртвувани многу млади во Тетово, од причина што 18 млади активисти од тогашната ПДПА биле малтретирани од страна на органите за внатрешни работи, претепани, а не е точно тоа дека тој се повлекол од изборната кампања.

Само да го потсетам господинот. Во Горна чаршија тетовско на тие граѓани, на кои г-динот Вејсели тогаш им се заблагодарувал за дадените гласови тие излегоа на митинг против тогашниот кандидат - сегашниот пратеник. Да го потсетам. Ова е аргумент дека не се повлекувал од изборната трка. Дека причината била што поранешниот пратеник Томислав Стојановски - Бомбај бил противкандидат не е вистина, но и да е вистина не е некој битен аргумент.

Апсолутно немав намера и во репликата да ги споменувам изборите од 1994 и 1996 година, но бев иницирaн од последниот дискутант завчера што дискутираше. Кого треба јас да прашам, може г-дине во детска градинка да упатиш некого и сакаш да се покриеш за тогашната партија, чиј член во форма, но во суштина никогаш не си бил член на таа партија, затоа што кога би бил член на таа партија ти би бил член до крај на твојот мандат, бидејќи 50% од тие чесни гласови што си ги добил се 10%, а 50% се некои се хафие, поим кој не можам да го преведам, ти добро знаеш што значи хафие, ги собравте од целиот Балкан тогаш да те помогнат и кога по четврти пат, 1994 година само 12 гласа имавте повеќе од против кандидатот станавте вие пратеник од причина што знаеле и таа партија тогаш дека ќе бидеш кандидат на партијата ПДО, чиј член си и сега.

А порано ти не си можел да се приближуваш кон таа партија, бидејќи беше единствена и целта на основачите на таа партија не била секој да биде член и секој да биде кандидат за пратеник, па било и за министер и за заменик министер, бидејќи ние тогаш имавме критериуми. И човек кој цел ден продава на пазар, не можеше да стане кандидат за пратеник.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави пратеникот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Господине Љутфии, не сум знаел дека услов за да бидеш член на ПДП тогашна, да си марксист, да предаваш марксизам итн. Ова сега го слушам. Јас не би се осудил да дел од албанското население ги повикувам со епитетот мафија, дека за мене сите граѓани посебно Албанците се еднакви, без разлика дали е од Тетово, Гостивар, Кичево итн., да не ги набројувам сите по ред. Тоа сум бил член на една политичка партија, па не сум, тоа се други работи, да не навлегуваме во тоа, тие рани да не ги отвораме пак. Меѓутоа едно сакам да ти кажам. Иако навлеговме во тие избори 1994 и 1996 година, вие, мојот колега призна дека секогаш имало политичко насилство. Меѓутоа, никогаш до изборите 2000 година немало физичко насилство. Тоа е едно. Дека во избори се прават и грешки, сакајќи или не сакајќи. Меѓутоа јас едно сакам да ви спомнам дека во ниедни избори дали е тоа 1990 година, дали е тоа 1994 година, 1996 година, или 1998 година, јас не памтам дека имало загинати луѓе во избори. Тоа првпат се случува во локалните избори 2000 година и тоа во западниот дел во Македонија, тоа го спомнувам затоа што таму живеат мнозинство Албанци. А за тоа дека не сум се повлекол, за тоа има официјални документи господине, ти знаеш дека тогаш вашиот претседател, нашиот претседател, вашиот кандидат, јас како кандидат на партијата за Демократски просперитет за тие локални избори во посредство на политичките затвореници на Македонија, тие беа посредници во Исламската верска заедница во Тетово седнавме заедно и се договоривме, а причините беа баш овие. Јас незнам ти колку си упатен во тоа, меѓутоа имаш соопштение и од тоа време. А јас ти гарантирам уште еднаш, тоа го знаеш и ти г. Билали дека јас како пратеник, како Албанец не можам да дозволам во Тетово да дојде градоначалник Македонец таков каков што е Томислав Стојановски - Бомбај. Јас уште еднаш ќе ви кажам дека нема да бидам против ниеден друг, меѓутоа таков Македонец каков што беше Томислав Стојановски, јас не можам да дозволам тој да дојде за градоначалник во Тетово. Ги знаеме неговите дејствија од времето кога беше директор на Земјоделското училиште во Тетово, тој ги диференцираше сите

Албанци, професори Албанци во Земјоделското училиште, тој беше тој што ги укина паралелките на албански јазик во Земјоделското училиште, тој беше тој кој ги носеше професорите Албанци да предаваат во албански паралелки на македонски јазик. И г. Љутфии, јас се чудам со вас што вие денеска го браните Томислав Стојановски - Бомбај. Верувајте ми ова не сум го очекувал. Кога и за ова не мислам дека ни во вашата партија, ни во нашата партија има добро мислење за овој човек. Ако сте промениле мислење за него дека ви ги честитал изборите сега локалните избори 2000 година, немојте така да се лажете. Затоа ве молам, јас уште еднаш, посебно вас ќе ве молам г. Љутфии дајте заеднички да застанеме на патот на насилството, дајте заеднички да им кажеме стоп, да ја прифатиш и ти твојата вина и јас мојата вина и еднаш за секогаш да им речеме дека во политичките избори нема место насилството, дека се овие политички избори, не се насилнички избори каде физички ќе се пресметуваме еден со друг. Знаете дека во кампања се излегува со платформа, со програма каде што на граѓаните им ветуваме подобар живот, подигнат стандард, за подобро да им служиме на нив. Меѓутоа јас не знам како тие градоначалници ќе седнат во нивните фотељи, знаејќи како дошле до тие фотељи. Ве молам уште ли треба ние да им дадеме пример на другите, да се исмејат другите кон нас, дека ние двајца Албанци се караме за никакви работи, за ситни работи, да се смеат сите други кон нас. Дајте господине да седнеме, сакате тука јавно, каде што сакате по ваш предлог да седнеме еднаш за секогаш да речеме дека овие работи не се наши, овие се туѓи кои се наметнати кај нас. И немојте сега да браниме ние, ти да останеш на своето, јас да останам на моето. И тука нема решение господине. Затоа и се јавив за ова, инаку верувај ми откога ми кажаа дека ете од господинот Билал Љутфии си бил спомнат, јас немав намера верувај ми да ти реплицирам. Меѓутоа, имав потреба, имав потреба дека доста е тоа меѓу нас да се караме, дека тоа не води само во еден ќорсокак во една безизлезна состојба, во една состојба од која што со години не можеме да се извлечеме. Дајте туѓите идеи нека останат туѓи, да ги задржиме нашите и така ги имаме многу, но туѓите да ги оставиме надвор од нашиот двор, и дека тие секогаш ќе бидат лошо за нас.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Абдулади Вејсели.

Повторно реплика по трет пат и последен пат има Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Иако немав намера да реплицирам, бидејќи ништо аргументирано не рече г. Вејсели, но од причина што измислува некои работи морам да му одговорам. Апсолутно Љутфиу никогаш ниту сега, ниту во иднина нема да го бранам г. Томислав Стојановски - Бомбај од Тетово, повеќе од причина што не верувам дека и некој Македонец во Тетово ќе го брани од проста причина што тој од ученичките клупи 1988 година ги зеде учениците и ги прати во затвор. Но, и тој е жив и тој има право да се кандидира, но не зависи од тоа дали Вејсели ќе дозволи, или не да победи, апсолутно тоа не држи. Не сте толку јак фактор вие во Тетово за да одлучите кој ќе добие, кој нема да добие. Верувам дека и ти си свесен за тоа.

Што се однесува до марксизам г. Вејсели немој да навлегуваш во тие теми, бидејќи ти не ги разбираш тие работи и не знаеш што е марксизам. А ако сакаш да се вратиш назад и да ги знаеш условите кои биле условите за да бидеш член на тогашната ПДП, на тогашните основачи на ПДП, верувај за тебе воопшто тогаш не сме размислиле, бидејќи не си бил толку познат, а за тие што носеле црвени книшки од поранешната СКЈ, односно од СКМ барем тие не биле предвидени како членови на таа партија, а најмалку од тие, за тие луѓе кои отидоа многу, многу подалеку од таа програма, од програмата на Сојузот на комунистите. Често пати ги злоупотребувате и мртвите за политички цели. Мене не ми дозволува совеста, јас ги жалам тие, ја жалам и фамилијата, но јас очекувам надлежните да ги расветлат случаите и барам како човек, како пратеник да ги расветлат случаите до крај.

Уште еден аргумент дека сте седнале да се договорите во Тетово, тоа е точно, но после тој собир во горна чаршија, после тој собир. Апсолутно се согласувам да седнеме, но не на принципот како што вели некој од твојте колеги: да седнеме да се договориме, но како јас имам концепт, како јас кажувам, или пак по принципот да седнеме да се договориме, да не се договориме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И последна реплика на г. Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Поради јавноста и поради г. Љутфиу. Член на СКМ јас не сум бил, ниту сум имал намера некогаш да бидам, бидејќи не сум имал шанса да бидам член на СКМ, затоа што сум бил многу млад. Во 1990 година јас сум бил многу млад и да ти кажам дека јас не сум имал шанса ниту да бидам вработен во државна институција, а тие кои биле вработени во државни институции морале да носат и црвена книшка, бидејќи во спротивно не можеле да се вработат. Јас не велам дека тоа се однесува на вас, меѓутоа ви кажувам дека јас не сум бил тој. И затоа немојте да ми префрлувате такви работи дека има уште време. Од друга страна сето тоа што призна еден дел, јас ти се заблагодарувам дека така се некои работи. Меѓутоа уште еднаш апелирам, немојте да реплицираме за работи кои не се на дневен ред, кои не се на добро за сите нас тука.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господинот пратеник Абдурахман Алити има реплика.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Јас се извинувам што со големо задоцнување дознав дека господинот главната поента ја имал спрема мене. Јас излегов само да ве известам г. пратеници, а јавноста во Македонија дека на господинот нема да му пружам задоволство да оди по чајџилници и да се фали дека полемизирал со мене, затоа што јас сепак држам до своето достоинство.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика бара г. пратеник Билал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Можеби за сите присутни во салата би звучела би рекол некултурно мојата дискусија, првата реплика кога господинот претходниот дискутант не беше присутен кога реков: тетовско - мангупско однесување. Но, еве конкретен пример, чисто мангупско – тетовско - чаршиско однесување. Ова повеќе од причина што, кој е Абдурахман Алити, за да Љутфиу се фали по чајџилници дека полемизирал со Алити. Никогаш и кога сум бил член, односно како оснивач на таа партија не сум ја гледал во моите редови, во редовите на таа партија. Се сеќавам како сега 10 септември 1990 година кога дојде во партијата таму кај Шарена Џамија, кога не беше член и молеше да биде член. Но, иако не сум го познавал тогаш добро, сум имал предрасуди особено со луѓе кои ја негирале неговата национална припадност на работното место од причина што не зборувале на свој мајчин јазик. А според социологијата, тој што го негира својот мајчин јазик, тој е нихилист и нихилистот никогаш не може да биде интернационалист, ниту националист. Тој може да биде само тој што е, багабонт и чаршиски мангуп.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. пратеник Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине потпретседателе, би сакал да кажам два - три збора околу оваа тема. Бидејќи јас доаѓам од една територија што и припаѓа на оваа држава и мислам дека е многу облигативно, барем јас да се потрудам да бидам што поконструктивен околу ова прашање кое предизвика големо внимание кај нас пратениците, па и кај јавноста.

Господа пратеници, господине потпретседателе, навистина ние долго време расправаме околу оваа точка, бидејќи знам дека имаме неколку информации. Ми се чини дека имаме три информации од пратеничките групи и последната информација ни е од пратеникот Амди Бајрам. Ние како пратеници бевме заинтересирани да расправаме за многу работи кои беа предмет на расправа за локалните избори. Меѓутоа, јас како пратеник, како претставник на овој законодавен дом би сакал во овој момент да бидам што повнимателен. Тоа би требало да важи за секој пратеник, меѓутоа ете за жал се случи нешто со што и ние тука што сме присутни не можеме да се согласиме. Меѓутоа некој смета дека е потребно да се каже сешто, па да се постигне нешто што е во интерес на партијата.

Господа пратеници, јас сметам дека за многу прашања треба да имаме пореален пристап, поготово кога се однесува за инцидентите, за жртвата што беше во Кондово. Тука треба да бидеме малку повнимателни, бидејќи таму се случи нешто што е против сите човечки норми. И јас како пратеник го делам делот од болката со семејството Јакупи. Меѓутоа за жал тоа се случи, а што е најлошо и нај еклатантен пример некои од пратениците

овој случај сакаат да го искористат за партиските цели и за многу други работи, што јас сметам дека не е воопшто хумано, ниту човечки тој инцидент да се користи за такви намери. А за жал уште еднаш повторувам, тоа се случи во Парламентот, во овие денови кога ние расправавме за изборите.

Господа пратеници, слушнавме разно - разни дискусии па и реплики. Пратеникот од редовите на ПДП г. Абдулади Вејсели некако размислува и планира да носи една гардероба на една млада жена, меѓутоа тој воопшто не планира дека е стара баба. Со оглед на фактот што осум години тука е пратеник и многу работи не ги направил и сега се прави голем патриот, меѓутоа тоа го кажа отворено Ѓорѓи Тодоров дека е македонски патриот, требаше исто и Абдулади Вејсели тоа да го каже дека е голем албански патриот. Сигурно заборавил и во некоја друга прилика тоа ќе го каже и Абдулади Вејсели.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Само тоа му останува да го каже на говорница и ништо повеќе за да се увери јавноста дека Абдулади Вејсели е човек кој заслужува секоја почит кај граѓаните на оваа држава, човек кој направил многу за Албанците во оваа држава, човек кој секогаш беше за интересот на албанската кауза, а како да не сме ние тука, како да ние околу не знаеме какво е неговото однесување за време на неговиот шест годишен мандат. Затоа го споредив со стара баба што сонува за гардероба која ја носи една млада жена, што во оваа прилика воопшто не може да се прифати. Мислам дека секој пратеник треба да води сметка за тоа.

Околу изборите имам да кажам многу, но ќе настојувам да бидам што пократок, бидејќи гледам дека многу беше кажано овие денови. Јас ќе кажам дека нашата дебата во Собранието беше подолга од предизборната кампања, според моите констатации, бидејќи ние почнавме од 13 октомври денес е 26 октомври и јас не можам да земам конкретен пример, откако постои повеќепартискиот систем во оваа држава, дали некоја друга седница траела подолго од оваа што има само една точка на дневен ред.

Господа, локалните избори требаше да бидат како тема на дневен ред на ова Собрание. Меѓутоа, не требаше да се злоупотреби целата изборна постапка со оглед на фактот дека не може ниедна партија да избега од одговорноста, ниедна партија која учествувала во локалните избори. Одговорноста припаѓа на сите партии учесници во локалните избори, без оглед дали се работи за партии на власт или за опозицијата, бидејќи за такви немили настани во секоја средина требаше да се најде партнер, за да се дојде до несакана последица, како што имаме многу примери во оваа држава, почнувајќи од првиот па се до третиот круг.

Јас посветив доста внимание на целата изборна постапка во мојот крај и бев многу ангажиран за да не дојде до некој инцидент. Верувајте дека имаше обиди од страна на многу активности од ПДП пред денот на гласање да дојде до еден хаос, не контрола и јас на седницата на Комисијата за меѓунационални односи кажав многу работи. Сакав со сите пратеници да најдеме еден заеднички јазик на седницата на таа Комисија и по никоја цена да не се дозволи, побарав, разгледување на еден материјал како што е направен од страна на ПДП и да не биде тема за расправа во ова Собрание. Зошто? Токму заради тоа што овој материјал што е подготвен од страна на ПДП, господа, не може една партија која е учесник на изборите да излезе пред Парламентот со една таква констатација и целата вина да ја префрли на една друга партија. Зошто? Па ние ако бевме соучесници на таа игра заеднички треба да сносиме одговорност.

Ќе го спомнам случајот во Кондово. Зошто случајот во Кондово се меша со некои високи партиски интереси? Одговорноста треба да се бара во избирачките одбори господа, од двете партии, а не само од една партија. Јас како пратеник не можам да сносам одговорност за случајот во Кондово, бидејќи во тој ден во тој момент бев во Куманово, или да се побара одговорност од највисокото партиско раководство, кога проблемот може да се расчисти во базата. Токму така мислам дека може да се надмине целата ситуација. Меѓутоа, повторувам уште еднаш, веќе беше кажано за случајот во Кондово и другите инциденти, што навистина е голема бројка не само за нас пратениците туку за целата држава. Меѓутоа, ете тоа се случи. Сепак, треба да бидеме многу коректни кога го спомнуваме Кондово и не треба да го споредуваме со целата изборна постапка. Имаше нерегуларности и во другите средини, меѓутоа, материјалот од страна на ПДП, анблог ги прогласил сите општини од Западниот дел на Република Македонија како нерегуларни и недемократски, што никако не може да се прифати. Тука стои секоја општина, секоја општина е наброена и така треба да ја

прифатиме идејата на одделни пратеници од ПДП и да бидеме во функција на нивните интереси, така да кажам се што е тука изнесено дека е вистина. Тоа не може така. Ако некој во Парламентот мисли дека е направена многу лоша услуга на албанскиот електорат, да бидеме многу искрени, дека оваа услуга, оваа црна дамка за албанското избирачко тело е направена токму од ПДП. Тоа треба да го знаеме сите. Јас се согласувам дека како тема на разговор во Собранието да бидат кажани сите инциденти, а не да се прогласи целиот западен дел на Македонија како нерегуларен, како процес кој беше надвор од сите демократски норми. Тоа не може. Овој материјал ќе остане тука во Собранието како материјал ќе им служи на многу меѓународни фактори, дека Албанците направиле голем прекршок за време на локалните избори во 2000 година. Дали тоа е точно? За општината Липково кажувам дека воопшто не е точно, ама воопшто не е точно. На 10 септември се гласаше многу нормално и немаше ниеден инцидент. И сега јас да прифатам дека и во Липково имаше нерегуларности? Според материјалот кој го држам врака, тука пишува дека и во Липково имаше нерегуларности. Верувајте дека и структурата на ПДП во Липково беше задоволна и се согласи со резултатите.

Некој излегува со констатација дека Албанците гласаат 1 за 10, 1 за 15 или група за цело село. Господа, барем од прилика знаеме какви се податоците од статистиката. Албанското гласачко тело во Македонија брои околу 400 илјади и повеќе гласови. Кажете ми еден пример од 1990 година наваму дали ја имавме оваа бројка? Не. Сега зошто се зборува дека кај Албанците се гласа така, гласа 1 за 10 лица, некогаш се кажува и 100% гласале или 110%. Математички тоа не држи. Јас знам како беше направена оваа уЈдурма за време на претседателските избори, некој дошол од надвор, уфрлил 10 или повеќе ливчиња и испадна дека во некои гласачки места во некои села гласале 105 или 110%. Немојте така, сите работи ние самите ги правиме.

Ќе кажам уште еден пример. На пример, зошто во Куманово не се случи ништо? ВМРО - ДПМНЕ ги призна резултатите во Куманово, Битола, Скопје. И сега што испадна, нешто се случило во Охрид. Дали мислите дека само власта сноси одговорност. Не. Сите ние како пратеници на позицијата и на опозицијата треба да знаеме дека ако од власта се првите, вторите и третите луѓе, целата структура во сите државни институции се граѓани на оваа држава и токму од овие причини ние треба да ја земеме одговорноста. Ние не можеме да избегаме од една ваква ситуација, што е создадена во оваа држава. Ако некој планира да го дискредитира ДПА или било која партија на власт, тоа е друга работа, ќе отвориме друга тема, ќе разговараме за други работи, а не за овој процес каде што сме учесници и сите ние. Можат да кажат сешто партиите, кои не учествувале во предизборната трка и на денот на изборите, од кои немало кандидати, но не и ние како партии што учествувавме заедно. Тоа е тоа и како вистина треба да го признаеме.

На крајот сакам да завршам со следното. Верувајте во овие моменти човек многу тешко може да најде зборови да каже нешто околу инцидентите. А што се однесува до целата изборна постапка, уште еднаш апелирам кај предлагачите на материјалот од ПДП, да го повлечат овој материјал, бидејќи сметам дека вие господа направивте една многу лоша услуга за албанското избирачко тело и не смеете, немате право ни вие како партија, ни ние како ДПА да даваме една ваква тешка квалификација за сите Албанци во оваа држава. А токму за оваа работа сносите одговорност.

Уште еднаш апелирам да го повлечете овој материјал, а јас секогаш сум подготвен да разговараме и дискутираме за инцидентите, но не со еден ваков материјал да се дискутира и да се дава една таква оценка дека ние направивме толку глупости, според вас. Реков и уште еднаш повторувам, направете една математика, ништо повеќе не ви треба. Албанското гласачко тело во Република Македонија - сега немојте да ме фаќате за збор - е околу 400 илјади или нешто повеќе или може би за 10 илјади помалку. Кога ние како политички партии на сите избори ја имавме оваа бројка? Зошто признавате дека ние гласавме 100%? Тоа не е вистина. Во моментот ова го правите за многу, многу лоши работи, кои навистина како политички партии имаме дел од гласачкото тело, треба да бидеме внимателни.

На крајот да ви кажам една работа, да не испаднеме многу несериозни пред јавноста. Ние знаеме дека имаме доста други работи и други проблеми. Дајте да се зафатиме за другите проблеми.

Уште еднаш го поздравувам г-динот, доколку тој може да го направи тоа што го кажа од оваа говорница. Меѓутоа, јас не верувам дека тој има таков капитал, Абдулади Вејсели, бидејќи ако го имал би го искористил за овој мандат до овој момент. Тоа не го направил и сега тоа беше само

еден блеф пред јавноста и така треба да се прифати.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Хисни Шакири за учество во расправата.

За реплика се јави г-динот пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ќе реплицирам многу кратко на г-динот Хисни Шакири дека ме нарекува една стара баба во Собранието, иако во Собранието сум втор мандат. Меѓутоа, јас би му кажал: тој може така мене да ме гледа како стар баба, меѓутоа, јас него го гледам како чукун баба. Од друга страна, на баба може би му личи ова дело, ама на чукун баба нема да и личи затоа што таа лежи во постела, многу години е стара.

Второ, јас нема да ја искористам сега таа реплика, бидејќи сум пријавен за дискусија, а има големи неточности што се однесува до општина Липково, околу Лојане и сите други села кои се во рамките на таа Локална самоуправа. Меѓутоа, сега нема да зборувам за тоа, туку во мојата дискусија кога ќе дојдам на ред сигурно ќе кажам и некои неточности околу општина Липково.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Абдулади Вејсели.

Процедурално, има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, сакам да ја поздравам дискусијата на г-динот Вејсели. И покрај тоа што може да се сфати двосмислено, јас верувам дека беше добронамерна. Тргнувам од зборовите што господинот Вејсели бара помирување меѓу албанските пратеници и албанските партии. Јас тоа го поздравувам и многу ме радува. Само едно сакам да нагласам, да не биде на штета на македонските граѓани и на Македонската држава. Го ценам нивното излагање што се борат за албанските интереси. Тие се патриоти албански. Но нека не ми забележуваат и ние Македонците да се бориме за нашите македонски интереси. И ние сме патриоти на Македонија.

Затоа, малку беше непријатно што г-динот Томислав Стојановски - Бомбај беше нападнат како да води некоја неалбанска политика, односно како да се залага против албанските интелектуалци, бидејќи беше спомнато и образованието. Јас сметам дека Томислав Стојановски - Бомбај е еден македонски патриот и ги цени сите чесни Албанци и живее, а верувам и понатаму ќе живее со сите чесни Албанци и ќе соработува.

Добро беше ова да го каже Борче Сибиновски, бидејќи многу подобро го познава од мене како тетовчанец, но си земам за право и јас да го одбранам. Вакви недоразбирања можеби ќе имаме, се дотогаш, додека сите не сфатиме и Албанците и Македонците, Власите, Ромите, Србите, добро го спомна господинот Вејсели случајот со Германија. Но јас ќе ја спомнам и Америка, сите ние сме граѓани на Македонија, сите сме Македонци, само со албанско потекло, со ромско потекло, влашко, српско итн.

Ви благодарам за вниманието и јас верувам дека сите имаме една единствена цел, да живееме среќно во Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и на вам, но ова не беше процедурално, ова беше реплика.

Да го ислушаме пратеникот Абдулади Вејсели, кој се појави за реплика.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас сега се јавив за ова, за да појаснам некои работи, бидејќи никој не ги зацврстува, барем ние не мислиме да ги зацврстиме нашите позиции на штета на вашите позиции и јас тука се согласувам. Меѓутоа, ние како Албанци во Република Македонија сакаме и се залагаме во оваа држава да бидеме рамноправни граѓани со сите други.

Значи, не македонското население, Албанците, Турците и другите кои живеат во Македонија сакаме да бидеме еднакво третирани во оваа Република. Ние тоа го докажавме во 1990 година. Па, можам и тука да спомнам, дека ние имаме концензус околу некои работи за независноста на Македонија, за демократијата, за плурализмот, за владеењето на правото. Меѓутоа, слободно можам да кажам тука дека сеуште не наоѓаме некој концензус околу граѓанската и националната рамноправност во Република Македонија во сите сфери на животот. Било тоа да е во образованието, во културата, во економијата итн. Јас ќе земам само еден пример за образованието, господо пратеници.

Ако Албанците во основното образование се вклучени 100%, во средното образование се вклучени некаде до 60%. Меѓутоа, во универзитетското, во високото образование се вклучени некаде 10 до 12%.

Затоа, ние се залагаме и нашата програма и нашата платформа и нашите политички определби се за тоа да бидеме рамноправни граѓани. Да нема граѓани од прв ред и од втор ред во Република Македонија. И, тука треба да има општ концензус со сите политички партии, кои дејствуваат во Република Македонија. Тука јас можам да го повлечам тоа што вие го спомнавте дека, ете, јас сум го напаѓал господинот Томислав Стојановски - Бомбај.

Господине, јас со него бев пратеник четири години. Тој ни беше колега во ова Собрание. И, се што ќе доаѓаше од страна на владината коалиција, од партијата СДСМ, ПДП, кои тогаш беа на власт, секој предлог што доаѓаше за релаксирање на меѓуетничките односи или во тоа да бидат рамноправни сите граѓани на Република Македонија, од него слушнавме такви зборови, што излегуваа од секаков концепт.

Јас морам да кажам дека тој не се залагаше за самостојна Македонија. Тоа уште еднаш ви го повторувам. Тој се залагаше и имаше други амбиции. Тој имаше амбиции кон северниот сосед. Тоа мора да ви биде јасно на Македонците, на Албанците и на сите. Тој е таков човек. Јас го земав како пример само Земјоделското училиште. Тој ги спроведуваше, имаше таква одлука на тогашниот извршен совет на СР Македонија, меѓутоа, имаше многу директори Македонци низ цела Македонија, кои тоа не го спроведуваа. Во Земјоделското училиште тоа се спроведуваше.

И, ред, ред, други работи, да не ги спомнувам дека има многу, ако навлегуваме и тешко е да зборуваме за него, кога тој не е присутен тука. Ми беше многу полесно во претходниот мандат да зборувам и да реплицирам со него, кога тој беше присутен тука.

Уште еднаш сакам да кажам дека ние не ги бараме нашите права, па на крајот на краиштата тие не се барања, тие се права што ни следуваат, природни права. Ако ние сме граѓани на оваа Македонија, ако ја создадовме Македонија заеднички, ако сите придонесовме во сите сфери на животот, било во давачките и во се друго, сакаме рамноправно да се третираме и ние. И, што понатаму? Дали не мислите дека некој, ете, ние како албански политички партии или претставници на Албанците бараме нешто повеќе од Македонците. Тоа никогаш ниту сме го барале, ниту ќе го бараме во иднина. Меѓутоа, бараме да бидеме рамноправни. Мислам дека во овој состав на Собранието, па и понатаму во иднина, тоа треба да влезе во сечија глава и во македонска и во албанска глава дека само така може да се чува мирот и стабилноста на Република Македонија, каде сите ќе бидат рамноправни. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И јас ви благодарам.

Молам, ако навлегуваме во други теми, јас ќе морам да ве прекинам и да одиме по редослед вака како што се пријавени пратениците за дискусија за точката што е на дневен ред.

Накратко сака да зборува господинот пратеник Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници. Јас во мојата дискусија не кажав дека сум голем Македонец, туку кажав дека сум македонски патриот. А, тоа значи дека си ја сакам државата Македонија. Не се сомневам дека и Македонците со други етнички потекла, кои што живеат во Македонија, доколку ја сакаат Република Македонија и сакаат заеднички да ја градиме и тие би ми било драго да се наречат македонски патриоти. Толку, благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави господинот пратеник Сибиновски Борче.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Благодарам почитуван потпретседателе, јас бев спомнат и навистина не сакам многу да зборувам за она што беше спомнато, односно што и јас тука бев спомнат, само сакам да кажам дека ние сите овие работи што сега ги слушаме од господата пратеници тоа беа работи, кои што, навистина, ги преболевме во првите години од парламентарната демократија во Република Македонија.

Ние, како политичка партија ВМРО - ДПМНЕ, ваквите предрасуди, навистина, сме ги очистиле. Сега, имаме наша програма, навистина која што сите граѓани во Република Македонија сметам понатаму ќе ја прифатат и со таа програма, која навистина ќе ја оствариме заедно со Коалицијата на ВМРО - ДПМНЕ, ДА и ДПА, ќе бидат на крајот на нашиот мандат сите задоволни и повторно ќе ги дадат гласовите за оваа коалиција. За ваквите работи, навистина, повеќе не сакам да дискутирам. Ви благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Сибиновски Борче.

Сега одиме по ред.

Збор има господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, дали има доволно пратеници во салата?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам, службата да види дали во салата имаме доволно пратеници, за да можеме да продолжиме со работа.

(Се пребројуваат пратениците во салата).

Значи, моментално немаме кворум.

Давам пауза до 14,30 часот, затоа што и така е време за ручек.

(Реакција на пратениците паузата да биде до 15 часот).

Во ред, тогаш паузата нека трае точно до 15 часот.

(По паузата седницата започна со работа во 15,00 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи броено имаше 62 присутни, продолжуваме со работа.

Збор има господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани пратеници, еве, веќе десетти ден по точката на дневниот ред, доста работи овде на говорница се искажаа, доста проблеми тука се изнесоа и сите, на еден одреден начин рекоа дека локалните избори биле врвен скандал, пример како не треба да се спроведуваат демократските процеси во Република Македонија, демократските права на граѓаните сосема беа нарушени, права што на граѓаните се дадени со Уставот на Република Македонија.

Локалните избори во Република Македонија, се покажаа со најсомнителен легитимитет на Балканот, како нај нестабилна земја во регионот и дека во Република Македонија не постои политичка волја ниту за соработка со политичките партии, ниту со институциите на системот. Скоро да се рече ништо не функционира во Република Македонија.

Во прашање се правата на сите граѓани на Република Македонија кои се, исто така, со Устав загарантирани и ја сочинуваат основата на нашето демократско уредување. Дискусиите што тука сите пратеници десет дена ги имаа, на еден одреден начин ја покажаа вистинската слика на овие локални избори 2000 година, меѓутоа во Собранието на Република Македонија, овде, во Парламентот не се покажа доблест и на еден одреден начин позицијата сака да го легитимира ова насилство и сака карактерот на Собранието да го загрози до крај, како клучна, демократска институција и сака неа да ја претворат во институт на легализација на насилството, што е спротивно на демократските процеси.

Оваа Влада и на претседателските избори и по локалните избори се покажа многу дрска, палеше огин таму каде и одговараше, а потоа таквите огнови се обидуваше да ги згасне. Во една прилика се покажуваше како пироман, а во друга како пожарникар. Зачудува улогата на владината коалиција.

Незнам како да ја почнам оваа дискусија и на целата македонска јавност да и предочам дека нема пратеник кој не се чувствува загрозен во Република Македонија, нема пратеник на кого личната сигурност не му е загрозена и нема пратеник кој може да се чувствува безбеден и во својот дом, нивните семејства и наши се исто така загрозени и нема пратеник од позиција или опозиција кој не прима закани секој ден, па дури тие закани одат до таму да побараат и линч на одредени пратеници.

Јас решив да дискутирам по овие информации за текот на локалните избори оваа година и покрај тоа што многу мои блиски другари ме предупредија дека може и тебе беља да те најде. А јас решив да дискутирам, да го искажам своето мислење и на сите тие кои ми праќаат такви закани и такви абери, доколку имаат трпение нека ме слушаат, а доколку немаат, никому ништо. Јас ова право ќе го користам врз основа ан Уставот и потполно сум слободен да одлучувам и делувам врз основа на мојата совест. Никој нема право насилно да ми ја ограничува таа моја слобода, го немаат тоа право ничии заптии, а најмалку нивните платеници. Платеници наименовани во лични гарди, лични заптии итн.

Што е суштината на нашите уставни одредби со кои што се уредува позицијата на пратеникот во Собранието на РМ, насилството на кое сега се изложени не истомислениците на партнерите на коалицијата. Тие мислат дека нивното е нарушено и со таквите постапки се нарушени и основните одредби на Уставот на Република Македонија, затоа што на тоа насилство, овој дом, Собранието, треба енергично да му се спротивстави. Во прашање се правата на сите граѓани на ова демократско уредување. Ако не бидат одбранети тие права, овде во Собранието, тогаш опасно ќе биде загрозен и карактерот на самото Собрание, како клуч на демократска институција и ќе се претвори во

институт на легализација на насилството во државата.

Но, за жал, како што слушам и гледам, ние веќе сме влезени во еден вител на инквизиторската власт, од луѓе кои сами судат, власт што е против волјата на народот на која припаѓа, власт што е против слободата на мислата и изборот на самиот граѓанин. Оваа власт стекнала некритично сознание, дека може да располага со државата како таа да е нејзина лична сопственост, дека некои, небаре, ја донеле од нивни краеви како што е тоа Лазарополе, Делчево, Тетово, Кривеник, Теново, Добри Дол и некои други живописни предели на нашата држава. Овие секога мислат дека од овие предели како наследство свое и дека со тоа можат да располагаат како ќе им текне и како ќе им падне на ум.

Оваа власт, уверена бездруго, дека моментната позиција не ја ограничува во ништо, дека оваа Влада на Република Македонија нам не ни е позната, стекнала некритични сознанија, дека може да пука на свои граѓани со огнено оружје дека стекнала право да убива оваа Влада, да врши насилство врз своите граѓани поради нивните политички определби искажани поради нивните политички определби и искажани политички ставови, дури и на гласачки места.

Владата на Република Македонија знае дека само со оружје најлесно може да се дојде до победа на некои демократско - плуралистички "лакрдии", а и потоа Владата на Република Македонија не престано ќе глуми дека нејзините членови се месии, некои други пророци, академски граѓани, борци за демократија и што не сме се наслушале до сега од таквите и од нив сличните.

Од албанскиот Макијавели и од албанскиот Гебелс, како што ќе нарече еден нивен соборец дури од 1995 година наваму, не може да се очекува демократија, луѓе кои дале наредба да се пука на своите заптии и тоа во Дебар, Порој, Кондово, Чегране, Охрид и ред други места во Западниот дел на Република Македонија, за жал, грото населени од Албански народ.

Гебелсот и Макијавелиот, Албанци, сакам да ги потсетам на една реченица по повод фактот на тешкото ранување на Фатмир Јакупи од автоматско оружје во Кондово од негови, секако јуришници, кога меѓу другото Макијавали рекол: "тоа е дискус, една беседа, една зло волја". Макијавелиот не знае за која зло волја и за каков дискус станува збор. Го прашувам, тој можеби не знае дека Фатмир Јакупи е убиен од неговите партиски кадри од неговите партиски јуришници. Макијавелиот треба да се сети дека тој чин е стравотен, а по него и за него морален пад и дезориентација, што неговите биографии и тоа "Факти" и "Флака", убиството и тешкото ранување го компарираат со кршењето на гласачките кутии.

Во обид да се воспостави некој баланс помеѓу нашите факти односно аргументи што се многу тврди, што е неспоредливо со вашите проценки, што само го покажува дното на слуганството, што овие две гласила "Флака" и "Факти" ја признаваат и орално ја повторуваат во однос на своите лични гардисти на записите од ДПА чиј лидер е самиот Макијавелиот.

Господине Макивејалисту, од неговите очи и од очите на неговите биографи извира стравот и желбата да се простат од твојата партија тие го газат достоинството на некој поединец, па и на целата албанска заедница. Наместо таа албанска заедница културно да ја воздигнува, што е морална обврска на секој поединец, тие го прават спротивното.

Поставувам прашање, под влијание на чија политика е, господине, на грчка, на бугарска или српска? Поинаку не може да се чувствува твојот однос кон Албанците, припадниците и самите вие. Со ваков имиџ сакаш ли да го прикажеш Албанскиот народ и пред демократската Европа и Америка, а не знае доколку и Американците бидат убедени со вашиот криминален и милитантен однос, тогаш прашувам каде ќе биде нашиот крај?

Сигурно во Анадолија или пак во некои делови на дното на Отрантот или каде, според негово мислење? Вие, со вашите постапки американците ги терате од овие простори. Исто така се обидувате и Европската заедница да науми, дека нивниот опстанок во овие делови е излишен. Како што ја водиш политиката, по ништо не се разликува од онаа грпка, бугарска и српска, затоа што овој пат, господо пратеници, не треба да се засегнати само Албанците од Република Македонија, туку и пошироко од Косово, Албанија, па и другите места каде живеат на Балканот и пошироко. Оваа дезориентација е морален хаос, господо пратеници што ве засега и Вас, а ќе ги засегне и другите националности во Република Македонија, Турците, Власите, Ромите и сите што живеат во Република Македонија.

Нам ни е познато дека сите живееме во една иста држава во една заедничка

држава, каде што, или пак на која се протегаат исти закони и иста власт. Тогаш поставувам едно прашање, зошто молчат институциите на државата: претседателот на државата Борис Трајковски, зошто молчи? Зошто молчи претседателот на Владата Љубчо Георгиевски, јавниот обвинител на Република Македонија Ставре Џиков и зошто молчи демократската заедница и прогресивната заедница во Република Македонија.

Овие спомнати господа уште по 40 дена откако веќе се изведоа локалните избори, криминалците не се фатени, овие заедно маршираат во минатото на сите наши истории што на Балканот ги имавме.

Исто така, да го потсетам господинот за кого станува збор, а тој ќе се препознае себе си, пред некое време изјави пред медиумите дека демократските процеси, заедно и Албанците во Република Македонија, дека Македонија ќе ја носат во Европа. Ние сме во Европа. Нема кој и зошто да не одведе во Европа и во тие средини? Можеби нему не му е јасно, на неговата дезориентација, неговите постапки. Не станува збор за дел од Европа, туку дел од Африка и тоа суб Сахарскиот дел на тие региони. Тој заборава дека нешто сериозно се одигрува не само со него туку и со нас Албанците во Република Македонија па и пошироко. Но, сепак, тој и сите оние виновници не можат да избегаат од мислата дека некој е засегнат и можеби само во мигот недоволно дефинирано чувство на неизвесност за утрешниот ден и загриженост за спокојот на сопствениот албански народ, не наведува на мислата дека можеби и не сме толку далеку од можноста да се соочиме со некој вид реприза на човековите драми, оние драми што не му се туѓи на овој простор кои се длабоко втиснати во нашето колективно паметење на Албанскиот народ на овие простори, на овој дел на Балканот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Господата заборавааат ли дека со таквите постапки не може да биде рамнодушна не само демократската јавност, туку и цела меѓународна заедница. Тука не може да биде рамнодушен ни обичниот, ни обичниот граѓанин над кој секој ден се изведуваат зачестени постапки на насилие насочено против луѓе, против граѓани на Република Македонија, против себеси, против роднини и блиски.

Примените на насилство на изборите, кои имплицитно зборуваат и подразбираат не прифаќање на плурализмот, на политички интереси и субјекти и нивна меѓусебна политичка борба. Одговорноста треба да е ваша. Одговорноста треба да биде без исклучок ваша. По трет пат ваша и само ваша. Тоа е друга работа, доколку не го прифаќате а со тоа ќе сведочите дека, тоа е својствено не само на тебе и на тебе слични, тоа е сосема една демократска фарса над тоталитарната стварност. Сакаш да се согласиш со тоа или не, тоа не води таквото мислење да го делиме. Да се разбереме. Не сакам да застапувам никакви хендикепирачки тези на одговорноста и одговорната политика бара согледување на фактите. Фактите со локалните избори, спроведени се многу тврдо. Имавме убиства, имавме ранети, со безбол палки тепани и малтретирани, а тоа е резултат на вашата неспособност за изведување на локалните избори и ваша политичка неспособност. Вие во политика не сте влезени, како што се прикажувате да и помогнете на целата албанска популација и на целата заедница, што треба културно да ја воздигнувате. Сте влезени со тенденција да го организирате криминалот, кој оваа година бележи бездруго, двојно поголема бројка од претходната година. Од ден на ден, таа станува се поголема.

Од оваа говорница го прашувам, кој го кочи во неговото лудило коалициониот партнер, или меѓународната заедница. Коалициониот партнер него лично го поддржува за жал, и тоа многу добро со кого може и кај кого може да биде "жртвено јаре", а во конкретниот случај Албанецот и само албанскиот граѓанин во Република Македонија. Тој се обидуваше често пати тоа да го направи со труењето на децата Албанци на првите локални избори и да го гази нивното достоинство. Направи чекор 1997 година направи тоа што направи, го видовме Блаце, како сцена и сценарио кој тој самиот го организираше. Нам ни е познато и свежо Арачиново кој по 10 месеци случајот уште нема завршница, свежо ни е и Кондово и жртвата Фатим Јакупи, свежо ни е и за Охрид, свежи ни се и секојдневните убиства во редовите на АРМ, свежа ни е Речица, Тумчевиште и други места. Пали оган кај што сака и кај што има потреба, а воедно се покажува како пожарникар. Во една улога пироман, а во другата пожарникар. Јас сум сигурен дека првата улога е негова.

Меѓународната заедница тој и неговите истомисленици ја изневерија. Таа сега им го сврти грбот, само поради тоа што ти, во својата политичка практика спроведуваш српско, бугарско односно грчка политика. Политика, која не е својствена на

прагот на XXI век и не е својствена за Албанците на овие простори.

Овие три политики кои ги спомнав во нашето опкружување, тие ги сакаат албанските територии за жал, без Албанците. Таквата тенденција и таквата политика што ја спроведува не наведува на таа замисла.

Ќе се навратам повторно на организираниот криминал на чие чело стои и тој самиот и претседателот на Владата на Република Македонија, кој оваа година бележи двојно поголем отколку минатата година. Организираните форми на своите оргии се појаки дури и од државните структури, криминогени структури. Не може поинаку да се замисли и да се каже дека тоа не е продукт на таква нивна оригинална политика, која е во нивните структури криминогена.

Долго време ќе треба да се освести, не само народот, туку да се освестите и вие, што би било примарно прво да пораснеш, за да ја признаеш оваа голема лакрдија и да ја преземеш одговорноста. А за да ја преземеш оваа одговорност на таков политичар над 50 години, во него гледам уште детинаст со детинасто однесување. Тој со неговото политичко дејствување потврди дека воопшто нема никакво политичко ниво, независно од неговите биографии во "Факти" и "Флака" уредниците и нивната реторика што неговите клептомани во нивните структури ја повторуваат од време на време. Неговата пирамида од разно разни празни ветувања, не само што почнува да распаѓа, туку ја покажува неговата политичка незрелост и дезориентација. Треба да му е јасно дека таа публика и таа политика тера која што му ракоплескаше наеднаш во нивните раце се најдоа безбол палки, се најдоа ножеви, се најде автоматско оружје. Таа еуфорија во 1994, 1996, 1997 година на неговите празни ветувања, се претвори во болка, се претвори во лелекање и се претвори во голем хаос. Неговото политичко однесување, полека но сигурно се појасно ќе станува дека проблемите со демократската процедура, особено изборите, не само што многу кочат, тоа е твое однесување, тоа е класична изборна измама, која не може да се опише како традиција на Албанците во овие десет години на плурализмот. Твоето насилство на изборите имплицитно подразбира не прифаќање на плурализмот на политички интереси и субјекти, а исто толку и нивна политичка борба за напредок. За жал, вие плурализмот на политички интереси го третирате како можен кај сите други граѓани во Република Македонија, но кај Албанците како неможен.

Како не ти е срам пред целата јавност таков имиџ да создаваш за својот народ, чиј претставник и самиот. Првпат господине се случи во Република Македонија на Албанецот, не само да му се одземе гласот, туку и образот. А безобразните тоа сакаат да му го одземат на Албанецот. Да. И сам си учесник во твоето безобразие.

На целокупната меѓународна заедница сакаш да и кажеш и да и ставиш на знаеше дека твоите постапки и постапките на твоите јуришници на локалните избори со пукаше во мирни граѓани е оправдано. Како што гледам, климаш со глава и го оправдуваш и самиот во седмиот ред каде што седите. Избори имавме, но со пукаше. Ако тоа го оправдувате и дека така треба и понатаму да се постапува, тогаш бидете искрени и кажете на албанската јавност дека сте големи демократи, а тоа во наводници. Вашето однесување би било сигурно и заговор против Албанците и албанските интереси, а во конкретниов случај образот да му се одземе на Албанецот, во секој случај е многу мала работа за вас. Вие доследно им ја материјализирате бугарската, грчката и српската политика по грбот на Албанците, на локалните избори на 10 септември 2000 година. Вие го сметате плурализмот кај Албанците како проклетство и заговор, како што ви налагаат менторите во балканското опкружување. Но биди сигурен вие и на вас слични во тоа нема да успеете. Јас сум убеден во тоа. Многу сум сигурен. За нас Албанците плурализмот станал основа на демократска вредност, но твојата хендикепираност, ако можеш да ме слушаш, твојата дезориентација и на тебе слични е взаемна и болна, бидејќи е несвесна и полна со суета и со насилство. Аплицираш една многу лоша девиза господа, кој не е со вас, тоа не значи дека е против вас. Така се мислело за жал, во системот кој го напуштивме. А такви структури, за несреќа има и меѓу нас и тоа по 10 години плурализам. Незнам како ќе се согласите со ова што го кажувам, но ме наведува таквото движење и таквото однесување ваше политичко во тоа да бидам убеден.

Што значи тоа, тој што не е со вас и што не се согласува со твојата опција станува непријател. Блазе си на вас, на вашите криминогени структури. Ако на криминалот му се кажува не трагата, туку

субјектот, значи ние стануваме непријатели, браво. Таквите потоа се обидувате да ги турнете во мрак. Тоа би било ваша чиста срамота, има една среќа во албанската средина и тоа многу малку им требаше и тоа кратко време да дознаат и да се уверат, не само во неговиот духовен терор. Ним брзо им стана јасно ширењето на неговиот ерес и неговите ереси. За Албанците, не само во Република Македонија, туку и пошироко брзо во себе видоа еден чист ерес. Вие сте по оваа проблематика и нема потреба од објаснување за ваквата криминологија. Таквото мислење господине, и господа од таа партија, го делат и неговите јуришници, албанскиот Гебелс, неговата сива еминенција.

Господинот се занесе дека е лидер и борец за правдата на Албанците, меѓутоа, многумина меѓу нас и меѓу албанското опкружување, има луѓе кои неговиот јазик не го разбираат. На локалните избори тој цврсто реши со тој дел на Албанците, кои не се согласуваа да комуницира преку нишанот на автоматското оружје. Свртувањето на Албанците од демократски курс во насока на узурпација на граѓанските права нај манифестативно се обелодени на локалните избори. За пасивниот карактер на изборите во фашистичките диктатури, се напишани стотици и стотици страници, а ние на 35 страници се обидовме на тој фарсичен изборен скандал, сакавме на јавноста да и презентираме право лице на нашите демократи, во наводници. Во овие фашистички режими се напишани стотици и стотици страници. Во Република Македонија последните локални избори покажаа дека нема чистота, нема демократија. Чистотата и демократијата во Република Македонија за жал, се нарушени. Локалните избори се претворија во политичка трагедија господа. Албанскиот граѓанин стои пред огнот на автоматското оружје, куршуми кои се испукаа на сите страни. Во таквите моменти прашувам: Што требаше да прави господа пратеници албанскиот гласач. Да го искаже слободниот избор  и слободниот глас. Гласот, или да си го спаси животот, бидејќи стана жртва на беспредметна борба. Состојбата која ја направија криминогените структури во Република Македонија, за жал, не може поинаку тоа да се именува.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Милитантниот терор како почеток на ново сценарио, на консултација со Албанскиот народ, дефинитивно нема врска со демократијата, туку со воспоставување на вооружена диктатура на дел од македонската држава. За жал, господа, сакате тоа да го практикувате баш во средини каде албанската популација е во поголем број. Такво лице и наличје не сакам ниту да го гледам, ниту би се согласил со тоа и на такво криминогено однесување треба да му се стави точка.

Во Западниот дел на Република Македонија каде што мнозинството од населението е албанско, немавме гласање господо пратеници. Кој како сака нека го каже тоа, но право гласање немавме. Немавме гласање, но ни се случи вооружен напад, напад на демократијата и слободата на самиот граѓанин Албанец, во тој дел на Западна Македонија. Тоа ме натера да дојдам до помисла дека мобилизацијата на членството на партијата на власт ги имаше сите класични бележи на репресија и корупција. користење на методи на полициски санкции, за да се добие, стана спонтана поддршка на избирачкото тело, стана практика во тој дел.

Второ, организирано доведување на бирачите до гласачките кутии, под страв, под психолошка репресија и тоа под закана. Доколку ова нема да биде така од вашите јуришници, вечерта нема да те најде. Такви примери и закани јас не сакам со име и презиме да ги кажувам, но ако ме предизвикувате ќе морам да се огласам. Гласачот однапред знае дека зад полицискиот притисок, невиден таков притисок и тоа од полициските орди и членови на таквите орди, гласачот е доведен до гласачкото место. Вие можете да се дичите со тоа, но тоа е дело само на заташкан морал. Јас, за жал сакам да кажам за таквиот морал и однесување, но неморалните и моралот на иста патека не одат, туку на спротивни страни. Јас ќе се обидам и за тоа нешто да кажам, само ако и понатаму вие ме влечете за јазик.

Гласачот однапред знае дека зад полицискиот притисок на локалните партиски раководители се крие можноста за губење на работното место и такви закани постоеле. Тие беа доведени во тотална изолација, шиканирање и што не друго. Така, локалните избори кои објективно ги оценија странските набљудувачи, можеби не читате, такви изјави беа потврдени од ОБСЕ, Европскиот совет како флагрантно кршење на граѓанските права, отстапувањето од демократските стандарди. Се било, но гласање не било. Дојдовте во судир со правото и дојдовте со судир со законот.

Отстапувањето од демократските стандарди стана мерка за приближување кон стандардите кон крвавите диктаторски режими, господа, во кои се е можно, па дури и човечкиот живот да се одземе заради гласот. Во меѓувреме, официјалната политика, Милошоски, портпарол на Владата на Република Македонија, премиерот на Владата на Република Македонија и многу лидери, само наречени, се впуштија во нова авантура и тоа групно хипнотизирање на јавноста и тоа очајнички извикуваа зборови - победа, кои се одбиваа од реалноста и од самиот ум на човекот. Таа победа извикувана од само наречени лидери, се доживува како грубо потенцирање и понижување на неговиот ум, што го исполнува со невиден сарказам и со невидена одвратност. Од друга страна немоќ да се успие граѓанинот во лулката на мртвачкиот сон. На помирувањето со работите власта ја поттикнува на репресии, ја поттикнува власта за уривање, ја поттикнува масата и власта во тепање, што пак го побудува чувството на револт и бес, влијае на драстичното проширување на фронтот, на конфронтацијата на демократската јавност со се поагресивен и шовинистички центар на моќ. Токму заради страшниот факт дека во економската и социјалната драма на нашето живеење се вреднува мракобесието на фашизмот, мракобесието на нацизмот. Граѓанинот треба да го направи правиот избор за да се врати на патот на демократските традиции, а се откаже од варварството, трибализмот и да го најде законот и на беззаконието да му стави точка.

Конечно, победата на разумот и на хуманизмот во XXI-от век на Балканот и Европа треба да претставува сосема логична историска завршница на една дрска политичка авантура која што развивајќи го планот во невидениот мозок, како молња го растресе економскиот и социјалниот амбиент во Република Македонија и меѓунационалните односи.

Пратеничката група на партијата за Демократски просперитет подготви информација за сите инциденти, насилства, терор и неправилности што во првиот круг на изборите ги направија врз недолжните гласачи, само наречените лидери, нивните јуришници и заптии и тоа врз сите симпатизери на таа партија и врз сите мирни граѓани кои не го делеа мислењето со таквите ереси.

Од сето тоа што се случуваше тој ден, а се се случуваше, само слободни избори немаше, може да се констатира дека наведените органи: МВР, Министерството за правда на чие чело е господин Џевдет Насуфи, со тесна соработка и тесна соработка со членовите на ПДПА - НДП и нивните организирани и скапо платени вооружени банди. Не се плашам од тие банди. Значи, челниците на ПДПА - НДП и нивните организирани и скапо платени вооружени банди на перфиден и синхронизиран начин ги тероризираа гласачите на 10 септември 2000 година и тоа во Западниот дел на Република Македонија. Во тој дел на Република Македонија немаше избори. Тврдам дека немаше избори. Таму имаше само терор, таму имаше насилие. За да го прикажам на пластичен начин овој терор и насилие ќе се обидам да одам по општина Струга, избирачко место број 1859 и 1860, Општинската изборна комисија одлучила да го смести во просториите на ПДПА - НДП во Струга, изборниот материјал, што е спротивно на одредбите на Законот за локални избори.

Уште во почетокот на гласањето на овие две избирачки места се појавија 5 возила полни со вооружени криминалци и тоа предводени од Гарип Каба, претседател на огранокот на ПДПА - НДП за Струга и Дилавер Бојку, близок роднина на Каба, и едниот и другиот познати деликвенти. Овој последниот Дилавер Бојку се прослави во претседателските избори 1999 година. Мораме да проговориме и тоа за вистината од блиско минато. Понатаму, на овие двајца им се придружи Бајрам Ќира и извесен Наим и тоа и двајца осудени за тешки кривични дела. Истите биле на издржување на затворската казна. Се поставува прашање, тие биле пуштени на викенд. Тие можеле да гласаат и во затворските простории, но не толку за нивниот глас, туку нивната арогантност им била повеќе отколку потреба, за да се спроведат локалните избори во овој дела на Струга и струшко.

Во селото Белица - Струшко на избирачкото место 1871 претседател на избирачки одбор Уковска, член на ВМРО - ДПМНЕ, помогната од активисти на ПДПА - НДП на сите гласачи, нивни членови, пред очите на претставниците на другите политички партии им дава по неколку гласачки ливчиња за да гласаат за нивните кандидати и да ги уфрлат во кутиите, се разбира.

Во село Радолиште, целокупниот избирачки материјал како и сите три избирачки места биле под апсолутна контрола на Султан Мемети и тоа претседател на Месна заедница, Рамадан Лена и Хафи Енузи. Овој последниот е началник на државна безбедност. Може ли Султан Мемеди и Рамадан Лена да се засилат толку доколку власта и тоа крај Хафи Енузи не им дала поддршка и инструкции и да се удира во гради, власта сме ние. Од оваа говорница им препорачувам, така не се гради демократија и на се има крај.

Општина Лабуништа, изборниот процес течел во најдобар ред се до 19,00 часот, кога и во ова село се појави вооружена група предводена од Гарип Каба, претседател на огранокот ПДПА - НДП за Струга, а со него во придружба и Дилавер Бојку, се доближиле до гласачките места и со сила сакале да се пресметаат со селаните од село Лабуништа, велејќи им дека и овде ќе победи ПДПА - НДП, затоа што тие се закон, тие се власт и така тоа треба да се направи, по нивната желба. Меѓутоа, овие од Лабуништа на нивната дрскост не наседнале. И тие се фатиле за она што им се нашло при рака. И при една ваква закана, почнала караница, а потоа масовна тепачка со селаните.

Господа, ве прашувам, овие погоре именуваните, Лабуништа е над 10 км. од Струга. Дали требало таму да гласаат во тие гласачки места или зошто отишле, ве прашувам?

Општина Велешта. На сите избирачки места во оваа општина активисти на ПДПА - НДП гласале во принципот еден за 10 и повеќе луѓе како што ги има во изборниот список семејствата. Така, Дашмир Каба заокружил 22 ливчиња без никаков документ. Нафи Исаку, гласал за 15, а претседателот од избирачкиот одбор го заокружил семејството Коџаџику.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Идриз Муча уфрлил 40 ливчиња во избирачката кутија на избирачкото место бр.1915. На Нуредин Иштрефи претседател на избирачкиот одбор голема група активисти на ПДПА - НДП му помагала при фалсификатот. Муарем Иштрефи претседател на друг избирачки одбор на милитантни активисти на ПДПА - НДП им давал по 20 и 30 ливчиња за да гласаат во полза на ПДПА - НДП.

Абдил Иштрефи гласал за 25 лица, Абди Жута гласал за 22 лица, Нафи Исаку во една друга прилика за 50 лица. Сите овие незаконски и насилнички дејствија во општина Велешта биле координирани од актуелниот министер за правда Џевдет Насуфи, кој на активистите на ПДПА - НДП им давал упатства и директиви како да дејствуваат.

(Реакција на пратениците на ДПА).

(Зборува на албански).

Вашиот министер реков Џевдет Насуфи. Да, тој не е мој министер да знаеш и не го признавам за таков.

Општина Дебар уште во почетокот на гласањето на сите 24 избирачки места членовите на избирачките одбори и претставниците на ПДПА - НДП почнале да ги заплашуваат претставниците на ПДП со изјави дека со овие избори локални комплетно сме подготвени, па дури сме организирани и со оружје да ве победиме. Еден Фљамор Аме, еден окоравен криминалец, кој со се се бави и тоа вон рамките на законот. За среќа, за несреќа наша по порекло е албанец од Дебар. Укажувањата почнаа да се остваруваа околу 8,00 часот наутро, кога група од 20 рекетари и активисти на ПДП - НДП предводени од познатиот криминалец од Дебар и телохранител на г-динот Геберс, Фљамор Аме го киднапирале претставникот на ПДП Едмон Марку. Истата група околу 9,00 часот на сличен начин ги киднапирале претставниците на ПДП, браќата Пашоли, сите членови на избирачки одбори.

Околу 11,30 часот пред домот на пензионерите насилничката група предводен од Фљамор Аме по трет пат се појавува и со истрели од пиштол го ранува активистот од ПДП Гарип Цапа.

Можеби е ист калапот и Гарип.

Општина Кичево на повеќе избирачки места со сила се уфрлени гласачки ливчиња, како на пример во село Стрелци над 290 ливчиња. Така се постапило во село Грешница, Зајас и други, за жал под помогнати и од пратеникот од ова подрачје, господинот Фадил.

Под закана и присила на членовите на избирачките одбори и на набљудувачите не им дозволил да ставаат забелешки во записниците во општина Чегране. На избирачките места постојано била присутна група од ПДПА – НДП, која пропагирала и вршела притисок врз избирачите. Меѓу нив погласни биле помошникот министер за здравство Зуди Билали и директорот на гимназијата „Панче Поповски" Измит

Дурмиши. Во нивна придружба биле и насилниците Шаип Илјази, Музафер Фетаху, Насер Исеини, Илми Хаљуши, Фатмир Билаљи, Агим Билаљи итн., сите биле вооружени и постојано пукале во воздух.

Околу 14,30 часот во село Речане, по оние информации кои не биле во прилог на ПДПА - НДП им дошол во придружба како помош во тоа насилие и насилство и заменик министерот за внатрешни работи Рефет Елмази. Во тоа време тој ручал во ресторанот на еден од Чегране и беше многу болна изјавата негова дека осум месеци не бил таму. Тоа е повеќе отколку трагично.

Покрај Рефет Елмази ручал во локалот спроти Бајазит Несири продефилирал низ Чегране и во 16,20 часот наредува да се напаѓаат избирачките места и тоа сите пет избирачки кутии.

(Реакција на некој пратеник од место).

Биди добар и сослушај.

На избирачкото место 0507 е нападнат членот на избирачкиот одбор на ПДП Џемал Селмани. Стоматолог е г-динот, можеби не го познавате. Напаѓач е лично Зуди Билали, помошникот министер за здравство кој досега во тие средини се покажал човек кој се удирал во гради како еден од многуте големи патриоти, и тоа во заграда. Истиот тој Зуди Билали, а во една прилика ќе се задржам, само кога Анкетната комисија по овие настани ќе го подготви извештајот малку подолго и пошироко за него и за неговите соработници. Истиот тој Зуди Билали е кандидат на советничката листа на ПДПА - НДП. Потоа на помош ни дошол Зуди Билали, потоа син му Аркан Билали, Амиф Ибраими, Фатмир Билали и Измит Дурмиши, сите луѓе познати на кој на погреб не им идат ни десет. Сите овие наведени лица, јас сум внук од Чегране по мајка, па луѓето ги знам и како дишат. По тепачката тие ги земале сите гласачки ливчиња, ги заокружиле и ги ставиле во гласачките кутии.

Околу 18 часот под закана со ликвидација биле избркани членовите на избирачкиот одбор на ПДП. Земени се сите записници од избирачките места 0504, 0506, 0507 и 0508, и тоа прекроени се резултатите онака како што им одговарало во моментот, а ниту еден од нив не е потпишан од членовите на избирачките одбори од ПДП, како и претседателите на избирачките одбори и членови на ПДПА - НДП. За среќа и овие последните истото го потврдуваат тоа што го потврдуваат и членовите на Партијата за демократски просперитет.

Општина Гостивар во Основното училиште Моша Пијаде во 18,00 часот рекетарите почнуваат со противзаконски дејствија, а претседателот на огранокот на ПДП од Гостивар Тасим Саити од општинската Изборна Комисија побарал помош, а и од полицијата. Одговорот од нивна страна им бил дека несмеат да интервенираат без писмено барање од страна на претседателот на општинската изборна комисија. А кој бил претседател на општинска Изборна комисија? Судија, припадник на Вашата партија. За него...

(Реакција на некој пратеник од место).

Да, мој вујко е. Да, од тетка ти вујко, да...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Говорете, не се расправајте со други.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За вакво нешто сведочат изјавите на повеќе членови на избирачки одбори и набљудувачи со различна партиска припадност. Значи, таму и во тоа изборно место било се, а гласање немало.

Во село Чаиле на едно избирачко место имало 400 гласачки ливчиња повеќе од бројот на лицата заокружени во избирачкиот список додека на другото избирачко место при гласањето е констатирано дека недостасуваат 380 гласачки ливчиња. Сте биле научени да крадете меѓутоа, кражбата не била усогласена со она што сте сакале и да го постигнете.

Напнатата ситуација со крајно влошени меѓучовечки односи владее и по денот на изборите. Конкретно заканите и притисоците кон активистите од ПДП продолжуваат и натаму. Така, на 11.09.2000 година на Бајазит, кој бил и носител на листата на одборници на ПДП во Гостивар во кругот на училиштето „Злате Малаковски", му била запалена колата.

Општина Боговиње во пет избирачки места под број 2071, 2072, 2073, 2074 и 2075 немало гласање воопшто, од причина што група активисти од ПДПА -НДП потпомогнати од група хулигани, сите предводени од Бесник Фетаи, директор на Агенцијата за санација на банки за ваша среќа. Потоа тие биле предводени од Абедин Имери, Нашит Имери и Фариз Џемаили, тие не им дозволиле на граѓаните да гласаат туку во нивно име гласале, наведената група со околу 30 членови на ПДПА - НДП.

Во село Палчиште во 12,00 часот во просториите на основното училиште, каде

што се одвивало гласањето се појавила група од 20 вооружени лица предводена од Фариз Џемаили од село Боговиње и извесен Туки од село Калник. Можеби ќе реплицира некој дека пукањето било и од Сали Емини, меѓутоа, село Палчиште е седум километри оддалечено од село Боговиње.

Што барале овие на денот на гласањето околу 12,00 часот, да им помогнат ли на граѓаните или да го направат тоа што наречените лидери им налагале.

Општина Шипковица во сите села односно избирачки места околу 11 часот група насилници предводени од заменик директорот на царина Имери, се упатиле кон избирачките места со закани, ги избркале сите претставници на ПДП и потоа гласале по нивна волја. Така вие се дичите дека изборите ги добивте. Изборите ги добиле оние што биле морално поразени.

Општина Брвеница во село Теново во текот на денот во една од просториите каде што се гласало, активистите и еден активист од ПДПА - НДП рекол дека изборите мора да се добијат по секоја цена, бидејќи на терен е и заменик министерот за внатрешни работи Рефет Елмази. Тој е од исто село. Тој истиот, бидејќи бил во своето село во своето двориште, го отворил гепекот и им се заканувал на луѓето покажувајќи им го автоматското оружје „шкорпион" велејќи им ако има потреба и со ова ќе се расчистат сметките, затоа што сум јас тука, јас сум власт.

Општина Теарце во село Непроштено немало гласање, туку активисти на ПДПА - НДП и ВМРО - ДПМНЕ уфрлиле ливчиња во избирачките кутии.

Во село Доброште во текот на целиот ден имало нерегуларности кои биле насилни, засилени по појавата на рекетарите на ПДПА - НДП под помогнати од пратеникот од тоа село кој ја предводел таа група, па често пати и се качувал на бандера кога ветерот ја нанел некоја парола. Овие вооружени лица тој ги предводел и во Одри и тоа во придружба со Садик Шерифи и Еднан Џамалиу, истите активисти на ПДПА - НДП од село Теарце. Мене ми се познати овие двајца што ги именував.

Општина Џепчиште во село Порој околу 18,00 часот во просторијата каде што се гласало, влегло дете со десет гласачки ливчиња заокружени во полза на ПДПА - НДП и при обидот да ги уфрли во гласачката кутија, било оневозможено. Во тој момент Џемаљудин Сулејмани, активист од ПДПА - НДП, ги зел ливчињата и рекол дека тој ќе ги уфрли по секоја цена.

Јас мислам дека сте вие тука со сето ваше внимание присутни.

Во тоа го оневозможиле претставниците на ПДП и затоа дошло до тој немил настан. Во оваа настаната караница и тепачка која била предизвикана од Џемалил при што лицето Хисен Рушит Асани, активист од ПДПА - НДП испукал неколку куршуми од огнено оружје при што бил погоден претставникот на ПДП Нуредин Фетаи, а воедно бил ранет и предизвикувачот на инцидентот Џемалудин.

Општина Желино, во ова село и во оваа општина исто така немало гласање. Некој си Исмет Фетаху, познат платеник на ПДПА - НДП, инаку член на избирачкиот одбор, уште во 10 часот ги собрал сите гласачки ливчиња за градоначалник и ги земал со себе за да ги потполни во полза ПДПА - НДП.

Општина Тетово на 10.09.2000 година во овој град немало воопшто избори, туку група предводена од Селим Локи, познат по прекарот "Селим Гуци", него му помогнале Тахир и Двајца Синови на Исмет Фетаху, од село Желино, извесен Зули и Заим Реџа и двајца сватови на Мендух Тачи, како и Мухамед Реџа Исмет Љута, Фатон и Рустем Фетаху, Сами Хабиби, Насер Сека, со браќата Сабит, Сека, Керим, Камбе Садику и други лица сите познати на органите на прогонот.

(Реагирање на пратеник од место).

Имаш можност, се познаваш, можеш да ги организираш и пре- пат да ми вршат. Незнам како, во која ситуација ќе бидам, ќе наведнам глава сигурно пред нив.

Општина Сарај, неправилностите почнуваат еден ден пред изборите на 9 септември под водство на началникот на подрачната единица на Министерството за правда Надежда Миновска, со асистенција на вработените од полициската станица Горче Петров, одземени се преку 150 избирачки легитимации од избирачите и се предадени на активистот на ПДПА - НДП Бетула Селмани.

Во село Шишково, Љубин, Копаница и Сарај, било забележано постојано присуство на рекетари и истата група која подоцна извршила злосторство во село Рашче и Кондово.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Во општина Студеничани, во Драчево во утринските часови влегла група од 30-тина непознати хулигани и

наркомани меѓу кои сите вооружени. За овој настан се известени Општинската изборна комисија и Министерството за внатрешни работи. Истите воопшто и не реагирале. Во Црн Врв насилие и закани дека ќе бидат ликвидирани членовите на ПДП, упатиле Керим Лита, Ниметула Идризи, Адем Дељаја, како и други соработници кои дејствуваат во редовите на Министерството за внатрешни работи од Драчево. На избирачкото место 2343 гласањето завршило по фалсификатот што го извршиле претседателот на Избирачкиот одбор Рамадан Џемаили и членот Сулејман Мустафа, активист на ПДПА - НДП. Во ова гласачко место во текот на целиот ден било под строга контрола на Керим Лита, член на ПДПА - НДП инаку висок функционер во редовите на МВР. Нам ни е познат Керим Лита.

И на крај, наспроти очекувањата на владината олигархија, јас нема да цимолам ни пред вас, ни пред вам слични и да лелекам за да ја добијам милоста на учесниците, затоа што честа, достоинството и слободната мисла овде имаат многу повисока цена од постапките на гебелсовите учесници што сугерираат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот пратеник Мухамед Таири бара реплика.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Јас не сум голем говорник како господинот Сејфедин Харуни дека не сум бил член на УДБА никогаш. Ќе се потрудам со моето аматерско пратеничко однесување да искажам некои невистини што ги искажа господинот Сејфедин Харуни. Јас ја разбирам загриженоста на пратениците на Партијата за демократски просперитет и нивниот чекор за информацијата, за оцрнување на Албанците, дека не знаат да гласаат, дека тие не се цивилизирани. Но, ги осудувам сите тие нерегуларности што беа во локалните избори и како пратеник на ДПА, барам тие да се расветлат од институциите на државата. Иако господата од ПДП немаат доверба во овие институции, јас потполно имам доверба во тие институции и мислам дека тие ќе ги расветлат овие случаи. Да се биде осум години на власт, ајде нека бидат шест, го прифаќам и тоа и после во опозиција и да се очекува шансата во локалните избори за да се домогне пак до власта, нормални се овие реагирања, ги сфаќам потполно реагирањата од мојот сограѓанин господинот Сејфедин Харуни, дека навистина е тешко да се биде во опозиција. Јас тоа не сум го окусил никогаш и недај боже да го окусам.

Што се однесува до тоа што го искажа господинот Харуни, во врска со тоа како се одвивало гласањето во западниот дел на Република Македонија, јас воопшто не се согласувам дека тие се нецелосни и невистинити.

Прво, како пример ќе ја земам општина Чегране каде и лидерот на господинот Сејфедин Харуни потекнува од таа општина и нормално е да се губи во сопствена општина, тоа е толку тешко што не може да се преболи. Но, за тоа што го кажа, јас само ќе го потсетам дека во двете избирачки кутии кои беа украдени, беа украдени од страна на активистите на ПДП. И би го прашал кој ја скрши кутијата во село Градец, дали активист од ПДП или бд ДПА? И да не ги наведувам и другите нерегуларности што ги кажа господинот Сејфедин Харуни, дека тоа не е вистина. Што се однесува на ДПА како влегла во политиката, тоа самото гласачко тело го кажа. Еве, имавме и заеднички избори, имаме и посебни избори, тоа се знае од претседателските избори па наваму, ние двете партии посебно излегуваме на гласање. А за тоа како работиме и како ќе работиме, ќе дојдат парламентарните избори, па гласачкото тело е тука, ако работиме така како што тврди господинот Сејфедин Харуни, не ни е местото во ова Собрание. Но, за тоа ќе видиме. Жалам што господинот Сејфедин Харуни често пати ги спомнуваше соседите на Република Македонија: Грција, Бугарија и северниот сосед Србија. Но, јас знам дека со тешки солзи тоа го преболува, дека не може без тој сосед да се живее. Сега нашата политика е таква. Ние бараме со тој сосед да имаме реална и чиста политика. За големиот паметњаковиќ, како што е господинот Сејфедин Харуни, вистина нема меѓу Албанците друг паметен човек. Тоа мене ми е совршено јасно и не би се трудел никогаш да размислувам за тоа дали има некој Албанец попаметен од него, дека тој си зема за право да се споредиса со големи лидери како што е господинот Арбен Џафери на кој не му го спомна името, но удираше наоколу. За да се спомне таа личност треба да се има посебна почит. А колку е демократ господинот Сејфедин Харуни, јас ќе наведам само неколку примери. На пример во парламентарните избори, дека сме од ист град и нормално комшии сме со избирачките единици таму. Тој на еден активист од ПДП му ветил вработување и

го однел месец дена на рампата на автопатот Тетово - Гостивар и за возврат наместо да му даде решение за работа, тој му уплатил во авто - школа и му рекол: доста ти е. Сега колку е демократ, се гледа таа работа. Да не набројувам и многу други случаи. За тоа колку е демократ ќе набројам уште неколку работи, па ќе прекинам со мојата дискусија. Тој во времето кога беше на власт, ги регистрираше албанските студенти на Тиранскиот универзитет, се знае за која цифра на германски марки за една обична лична карта, за еден извод на родени, за еден пасош и за неколку други работи, да не ги набројувам, тој знае по која цена ги наплатувал. И затоа кога се зборува за демократија и за регуларности, за тоа кога се слушаат зборови од господинот, јас незнам тогаш дали ми е мене местото во ова Собрание и дали сум јас толку морален, или треба да напуштам. Во интерес на времето, јас нема повеќе да дискутирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот пратеник Сејфедин Харуни бара реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

На денот на изборите имавме над 11 ранети граѓани, имавме починат од огнено оружје во село Кондово, покојниот Фатмир Јакупи, починат од срцев удар во подрачјето на Скопје, исто така стотици граѓани со безбол палки удрени, употребени ножеви, камења и друго. Зошто немавме до сега никаква информација. И таа што е доставена до Собранието на Република Македонија, тоа е само за интерна употреба на госпоѓата министерка Доста Димовска. Јас во мојата дискусија наведов многу факти и повторно ќе можам да и се обратам на јавноста, зошто надлежните институции молчат и тоа почнувајќи од претседателот на Републиката Борис Трајковски, зошто молчи претседателот на Владата Љубчо Георгиевски, зошто молчи министерот за правда Џевдет Насуфи, зошто молчи Доста Димовска и сите други.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Одговорете на Вашиот што му реплицирате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дозволи ми да ги искористам тие пет минути. И зошто конкретно вие ми пречите во мојата реплика?

Господа пратеници, јас на Мухамед Таири му дозволував затоа што секој под просечен, наивен не можеш да очекуваш да признае дека е дел од криминогените структури, а не станува збор за над просечен интелектуалец. Тој сам признава дека не е говорник. За да бидеш говорник треба секако да бидеш над просечен, а не наивен како него. Дали тие и таквите ќе бараат прошка за сите зло дела што се направени во текот на локалните избори 2000 година. Кога самите тие обзнанија, дека за нив се е маргинално освен страста за да се прифати и да се приграби, или да се опстане по секоја цена на власт. Такви се сите овие во ДПА, такви се и вашите во ВМРО - ДПМНЕ, за жал. Брат ми ја искрши гласачката кутија, само ние имаме една забелешка што календарот на денешнината и утрешнината пред себе го немаме. Господата и припаѓаат на минатото. За жал тој календар на таквите лидери и на таквото нивно однесување, не е ниту за денешнината, ниту за утрешнината. Мене ми е совршено јасно дека моралот кај некои не само што е под секакво ниво, туку бајрактаризмот и примитивизмот кај нив е својствено. Јас знам дека тоа што го рече тој треба да му одговорам кој ја скршил кутијата во село Градец. За жал, претходник на таквото однесување не бил забележан на време, инаку ќе му беше скршена и лобањата. Но, за среќа тој така наиде и не бил забележан на време. Брат ми ја искрши гласачката кутија. Само тој што дал повод за таквото однесување, не бил забележан на време. Инаку ќе одговараше онака како што требаше. Нему му поставувам прашање, дали има тој забелешка на моето однесување? Барем еден личен пример со име и презиме да кажете дека Харуни примал поткуп или мито од некого. Јас ќе бидам горд доколку тој тоа го направи. А инаку инсинуации од типот како што е Мухамед... Јас не сакам повеќе да реплицирам затоа што ми е под секакво ниво.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Што се однесува до господинот Сејфедин Харуни, колку е паметен барем гостиварската и пошироката јавност знае, дека човекот дали е Југославија, дали е комунизам, дали е плурализам, тој стално е на фотеља. И нормално дека е голем говорник, дека е голем човек со над просечна интелигенција. Во таа негова интелигенција дека е доктор на науки, докторирал на јазик, во тоа не навлегувам. Инаку имам многу да кажам, но, што се однесува до интелигенцијата јас и во мојот говор кажав, во мојата реплика

дека е нај паметњаковиќ во Собранието. Тоа се докажа барем за овие две години. И затоа понатаму нема да продолжам. Што се однесува до другите работи, тој на тоа прашање што му одговорив јас, што го прашав, тој не ми одговори, кој активист ја скршил кутијата. Јас не зборувам за другите општини. Јас исклучиво бев во општина Гостивар. И во таа општина на ниедно избирачко место немаше никаков инцидент. Прв пат во таа општина откако организира оваа власт да се спроведат фер и демократски избори. Но, тоа што тие изгубија, имаат право да се жалат и да викаат и да се развикуваат. Нека најде пример каде што било тоа. Освен во Чегране кај нивни активисти, во Градец нивни активисти го нарушуваа гласањето.

**БИЛАЛ ЉУТФИУ:**

Апсолутно не сакам да ја оптеретувам психичката состојба на претпоследниот дискутант, од причина што го знам добро, последната биографија, психички вака е оптеретен. Но, јас барам од вас, или пак од претседателот, надлежните од раководството на Собранието да преземете мерки да не го штитиме секогаш ние вака од таа психичка состојба и да го носите во Бардовци.

Во дел од таа дискусија никаде во информацијата од МВР не се споменува пукање од автоматско оружје. Па од каде информациите дека се пукало од автоматско оружје? Тука пишува огнено оружје, но дека од автоматско оружје, па од минофрлачи и такво нешто не сум прочитал никаде. Би било во ред секој пратеник од своја општина да зборува за неправилностите и на крај нешто паметно да предложи овде.

Од принципиелни причини не сакам повеќе да се впуштам во реплика, многу јасен бев, не сакам да ја оптоварувам неговата психичка состојба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни, на кого се однесува сега вашата реплика на првиот или на вториот пратеник?

На првиот се откажавте, но сега се покајавте.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Многу сте љубопитен, потпретседателе, за кого и кон кого ќе биде вперена репликата. Бидете малку поширок во вашето однесување и не ми пречите.

Јас направив тоа што можев да направам во предизборната кампања во таа изборна единица. Но залудно, господата сакаат нешто да наметнат во тоа. Во ниту едно избирачко место, почнувајќи од с. Градец, Сенокосе, Горњане, Ѓурѓевиште, Калиште, Неготино, Добри Дол и во други, Сејфедин за време на молкот не е забележан никаде. Во споредба со активистите на ПДПА - НДП и тоа Кадри Кадриу, заменик министер за одбрана, исто така и неговиот во подрачната единица, г. Фаик. Немале во денот на гласањето да не вршат притисок врз бирачите во секое избирачко место и потоа да им се заканат дека ноќта нема да ве најде. И целиот изборен материјал кој не бил заокружен во таа изборна единица, во тој дел на изборната единица, затоа што одзивот во с. Добри Дол, од каде е и родум г. Кадри Кадриу, бил 15% одзивот, за да потоа ги полнат сами. Таква практика е направена во сите села, само во с. Градец тоа не им успеало. Се обиделе луѓето, меѓутоа тука немале успех.

Што се однесува на делот во кој господинот ме нарече паметњаковиќ, тој имал среќа, затоа што ме имал во своето опкружување во Гостивар, каде ми е најголемиот ден од мојот работен век. Меѓутоа, за жал тој од таа добрина на учителот и професорот не научил ништо. За жал.

Изборните кутии биле малтретирани во целото тоа подрачје и тоа и од негова страна, чиј дел на тие рекетари во Гостивар тој ги предводел. Тој нека стане и нека каже да, и тебе те имаме забележано во ова село, во оваа изборна единица, во ова изборно место. Јас ќе признам јавно, а не со кукавичко однесување, зашто во третиот изборен круг во с. Врањовце, Топлице, таков скандал е забележан од г. Кадри Кадриу и на него слично. Јас би сакал да реплицирам, но врз основа на аргументи, а не со вербални дуели.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, помина времето за реплика, поминаа 6 мин.

Јас не знам како да се постапува.

Реплика за г. Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Господа пратеници, ние малку претеруваме во ова наше искажување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, ова е последно реплицирање.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Но ме испровоцира г. Харуни, бидејќи ги спомнува имињата. Господинот Фаик Дервиши беше претседател на штабот за општина Неготино и нормално е дека тој ќе се движи во текот на изборите. Но што бараше г. Сејфедин Харуни на денот на гласањето во с. Добри Дол, каде се гласаше глас по глас, и тоа не е вистина дека таму се гласало со наполнети кутии, кога во тоа гласачко место одзивот на гласачите не е ни 50%. Колку јавноста да биде информирана да кажам дека кандидатот за градоначалник од страна на ПДП е уште судија во Основниот суд во Гостивар и на г. Сејфедин Харуни дента не му било дозволено да влезе за да не се нарушуваат меѓучовечките односи во селото, бидејќи колку толку, село е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Изгледа начинот на кој разговараме, тука ги надминува сите можни морални можности на ова ниво на ова Собрание. Јас се прашувам каде е тука на некого свеста, совеста, одговорноста, особено кога секој знае па и птиците дека на денот на гласањето ние имавме пукање од автоматско оружје, ранети, жртви итн. Но изгледа кој сака е и расположен така да сака, да се служат со една многу чудна логика, а таа логика е дека ако вие сте направиле нешто лошо, ние ќе направиме 10 пати полошо. Значи ако некој некогаш убил некого, според претставниците на оваа власт и некои дискутанти логично е 10-мина да се убијат и сето тоа е во ред. Значи, процесите се сфаќаат наопаку. Напротив, би требале да прават ако е направено нешто добро да се направи уште подобро, бидејќи реформите и демократијата би требало да имаат поинаков тренд и поинаков развој, а не наопаку. Значи, да се прави нешто лошо во име на тоа што некогаш е правено лошо, и тоа 10 пати полошо. Тоа е логиката која владее во ова Собрание.

Било што да кажеме пред јавноста, мислам дека за секого е кристално јасно дека дента на изборите имаше пукање, имаше жртви, имаше полнење кутии, закани со оружје и имаше окупации на гласачките места и тоа е сосема очигледно. Тука не сме да се убедуваме, од причина што некој намерно не сака да се убедува, иако тие се кристално убедени. Дури, јас секој ден се убедував дека на оваа расправа нема цел, и веројатно нема, со логиката која владее во ова Собрание нема да има нешто од тоа, особено кога најодговорните односно некои министри, нивни заменици за внатрешни работи, за правда, претседателот на изборната комисија, па и други личности одговорни и поврзани со изборите, не покажуваат ни грам морална одговорност па да поднесат оставки барем од морален чин, иако лично сум убеден дека тие луѓе не само што треба да поднесат оставки, туку да се разрешат од ова Собрание, па и да завршат пред суд. Како поинаку да се протолкува кога социјалниот сегмент дури се манипулира до тоа ниво, што на социјалците им се кажува: ако не обезбедиш толку гласови и го кажеш редовниот број, серискиот број на гласачкото ливче, тогаш ќе ти се укине помошта. Значи, некој имал пристап со посредство на претседателот на изборната комисија да ги контролира...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, ве опоменав три пати, и третата минута отиде.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Јас само толку имав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вие не говорите, вие имате реплика, поминаа 6 мин., ве молам.

Трета реплика за г. Харуни, но на што и на кого.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, господине Далавера, не се прави мутав од тоа место и од таа говорница. Вие сакате да дискутирате, па и оние што добиваат реплика без и да бараат од вас, само заради тоа што сакаат да дискутираат, заради сензибилноста.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за господинот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Ова ќе ми биде последна реплика, но ме поттикна г. Мерсел Биљали на тоа. Тој изгледа беше надвор кога ние реплициравме со г. Сејфедин Харуни и дојде да ни држи говор, не знаеше кому да му реплицира, па да кажам неколку зборови. Зборуваше опширно, изгледа господинот се подготвува за министер за надворешни работи во новата формирана

партија. Тоа што го кажа - ние цело време водевме реплика околу општина Гостивар. За другите општини тука има пратеници кои ќе се искажат. Но мене ме интересира г. Мерсел Биљали со колку гласа дошол како пратеник и дали во неговата изборна единица во неговиот роден крај имало некој екцес од страна на ДПА. Тоа што е искажано пак тврдам и стојам зад тоа дека таму немало никакви екцеси.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мерсел, расправата водете ја на друго место околу ваши лични работи. Тоа се однесува и на едниот и на другиот.

Ве молам, дајте да видиме продукцијата каде е.

Реплика за господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ние можеме да играме пинг - понг колку сакаме тука. Меѓутоа, ние мораме да одговориме на едно прашање, зошто некој кој мисли и е убеден дека има толку висок рејтинг морал да пука, морал да убива луѓе. Кажете го тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави г. Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Господине потпретседателе, претходниот пратеник што реплицираше, мислам дека ги извртува тезите. Таа партија што има висок рејтинг не пука. Значи ДПА со висок рејтинг не пука. А тој ако мисли дека од нивната партија пукале, тоа е негово мислење.

Би го замолил да не ги извртува тезите и да не прејудицира виновник однапред, затоа што има надлежни органи, кои ќе го кажат своето. Не може тој однапред да одреди кој е виновник и кој пукал. Јас во мојот говор кажав од нивните активисти кој пукал. Затоа, би го замолил да не ги извртува тезите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Таири, ве молам, сфатете полни два часа расправаме за едно.

Нема продукција. Ве молам откажете се.

Нека продолжи да говори г. Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, еве, секогаш ми доаѓа редот да дискутирам после г. Харуни.

Тоа не е ништо негово, господинот тука се залага да дискутира со часови како да е некој голем дискутант и има што да каже, но за жал и според теоријата и според праксата, тие што зборуваат многу ништо не кажуваат.

Ние расправаме за локалните избори и само 6и го прашал господинот, ако е толку демократ, за време на парламентарните избори тој победуваше со 98% гласови, па би го прашал каде ги нашол тие гласови. Затоа, и тука имам нешто кажано, па затоа ако не се враќаме назад и ако не анализираме некои работи, тешко можеме да дојдеме до конкретни заклучоци.

Би продолжил вака. На почетокот бев против да расправаме за локалните избори, знаејќи дека приближно вака ќе испадне, да се расправа 6-7 дена и на крајот ништо од тоа бидејќи имаме вакви говорници како што е господинот Харуни. После тоа кога се одлучи да се расправа, јас мислев ако се ангажираме сите и бидеме искрени, доаѓајќи од изборните единици со конкретни информации од деновите кога се носеше се евентуалните пропусти и проблеми, ќе придонесеме барем во иднина да не ни се случуваат вакви немили настани. Но. за жал, секој ден кога расправаме се повеќе се убедувам дека со оваа тема што ја имаме на дневен ред не можеме да стигнеме до целта, бидејќи проблемите се подлабоки од тоа кои се нарекуваат локални избори. Не се согласувам со квалификациите и обвинувањата дека целата вина за овие избори е на страна на партиите на власт, а опозиционите партии се чисти, демократски и само тие му мислат добро на народот.

Но, што сакаат да постигнат со тоа опозиционите партии, особено СДСМ, ВМРО - ВМРО и некои пратеници од ПДП. Целта е јасна. Тие всушност сакаат да ги дискредитираат коалиционите партнери пред внатрешната јавност, а после тоа и пред надворешната и да дојдат на предвремени парламентарни избори. Тоа не е ништо трагично, точно овие опозициони партии се согласуваат. Но тие од СДСМ не се раат затоа што ќе биде или пак што ќе прават со Албанците, поточно со ДПА, бидејќи тие велат дека грешката е на ВМРО -ДПМНЕ зошто "им дава толку власт" на Албанците и на ДПА, во наводници, бидејќи паролата е јасна за Албанците во Македонија од страна на СДСМ - ќотек, Идризово, што помалку власт, а тие кои не слушаат да ги однесат на другиот свет, бидејќи се знае кој е газдата во Македонија.

Колеги пратеници, апсолутно сум бил и сум против секакво насилство бидејќи сум еден од тие што сум доживувал терор и насилство врз мене и мојата фамилија од страна на поранешната власт, а најмалку сакам да има насилство на денот на изборите, бидејќи власта ја сметам за света на секој граѓанин.

Во овој момент изразувам длабоко сочувство на тие граѓани што ги убија и малтретираа во времето на изборите. Но за тоа би сакал поконкретно да кажам некои работи и за конкретни општини, особено за општините од каде јас доаѓам. Би било добро и логично ако секој пратеник почнува од тоа. На пример, би почнал од Кичево и кичевско, односно општините Вранештица, Кичево, Осломеј и Зајас. Ја споменав прво општина Вранештица, бидејќи за локалните избори во 1996 година на денот на изборите е убиен човек од страна на активистите на СДС, г. Методија Мицковски, активист на ВМРО - ДПМНЕ, но сигурно за него поконкретна информација ќе дадат моите колеги пратеници од ВМРО - ДПМНЕ кои имаат поконкретни и подетални информации за овој случај. Јас го спомнав случајот за да ги потсетам пратениците на кражбите, насилствата и убиствата што за жал се нивно дело, кое јас го осудувам и како пратеник и како личност. Не само јас туку и целокупната јасност од Кичево и споменатите општини, каде секој пат сум се ангажирал изборите да поминат во најдобар ред и без никакви екцеси. За жал во Кичево не е само овој случај. Во 1998 година за време на активностите на парламентарните избори е убиен господинот Беќир Лимани, наш активист, кога Бранко Црвенковски одржуваше митинг, а неговите џандари во претпладневните часови дома пред својата фамилија, деца и млади внучиња ни крив ни должен го убија г. Лимани.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:** (Продолжение)

А, јас кога сум побарал 2-3 пати од овој Парламент да ги откриваат убијците, за жал, до ден денеска немам одговор. Попладне истиот ден во Домот на културата во Кичево, г-дине Црвенковски пред маса граѓани рече, кој може да ве загрозува вас, јас сум тука. Тоа беше во стилот на Милошевиќ во Косово Поле во 1988 и 1989 година.

Но, да се вратиме на локалните избори во 2000 година. Би сакал однапред написите на таканаречената бела книга од страна на ПДП, да ги отфрлам како лажни и невистинити, неточни податоци, посебно за изборните комисии на општините Осломеј и Зајас. Тука е се прашање претседателите на изборните места и нивните членови, за кој постојат докази дека биле 50 спрема 50% позиција -опозиција и инсинуациите дека некој ги терал со сила да пишуваат записници или не им дозволувале да пишуваат забелешки во истите. Од 20 изборни единици во општината Осломеј и 16 во општина Зајас до ден денес нема, ама баш ниту една изјава од ниеден член од месните избори или претседатели на избори од ПДП, кои се и ден денес здрави и живи, да кажуваат дека некој им наметнувал такво нешто.

За мене, господа пратеници, тоа е голема навреда на нивните членови, кои во тие изборни места од страна на нивната партија, бидејќи искрено да ви кажам, ако се членови на ПДП и тие се Албанци како нас од ДПА. А, карактеристични како Кичевчани, Албанци од општина Зајас и Осломеј, кои по цена на живот, не може, ама баш никој не може со сила да ги натера да потпишуваат или да полнат кутии.

На крајот би сакал да кажам една работа од еден колега пред неколку дена што тука рече дека на некои пратеници не им е местото тука. Јас би ве запрашал, во демократијата, на пример може кај нас, нарочно во странство да се губат еднаш изборите, ама да се губат пет пати и да седне во овие клупи, незнам каква храброст имаат тие луѓе да седат и да преговараат дека некој е прав или е крив.

Уште нешто би сакал да кажам, за некои морални вредности, бидејќи е кажано дека некои немаат право да седат и дом, но за тие морални вредности сакам да кажам во некоја друга прилика, затоа што ние сега почнавме да читаме некои наши досиеја, што ги формирале бившата партија и сегашната од СДСМ за нас. Па, затоа, бидејќи Кичево и Кичевско е мал крај, за тоа би го оставил понатаму да кажувам, кои сме ние, кои се нашите програми и нашите активности. Благодарам засега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Г-динот Никола Поповски за реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се јавувам за кратка реплика како координатор за пратеничката група, која беше во неколку наврати обвинета.

Г-дине потпретседателе, господа пратеници, мене ми е жал што ќе морам да демантирам дела од исказот на г-динот Фадил и мислам дека апсолутно без потреба го направи тоа. Имено, од она што успеав да

го фатам како стенограм, кажа дека СДСМ, чија пратеничка група ја претставувам во овој момент, има концепт, кој сака, цитирам, со Албанците да се справува на начин, кој ќе обезбеди само ќотек и понатаму испраќање во Идризово. Кога рече Идризово, претпоставувам дека мислеше на затворот, а не на селото.

Едноставно, сакам да ја демантирам така искажаната негова вистина, не затоа што ќе мислам дека тој ќе го промени мислењето или нешто друго, меѓутоа, затоа што ако не ја демантирам како координатор на групата ќе испадне дека се сложуваме со неја. И, само да потсетам, демантирајќи ја вака искажаната мисла, дека нашата пратеничка група и партијата во целина се залага за односи помеѓу граѓаните во Република Македонија, кои се базирани на концептот на Уставот, по кој се разбира, сите се рамноправни граѓани без разлика на нацијата, верата и другите нивни приватни карактеристики.

И, за да не бидам вовлечен во дебата или реплика која не би ја посакувал и ако нешто друго биде на таа тема во евентуална реплика, да кажам, додадена во врска со политиката на СДСМ, однапред сакам да го демантирам. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавува за збор Харуни Сејфедин.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Бев спомнат, па затоа морам да реагирам. Јас сум само на едно сигурен, дека неразумната конфронтација на албанскиот ректорат во Македонија ја поттикнаа, тие што себе си ја сметаат за единствена глава што правилно расудува или размислува. Што се самопрогласија за единствени легитимни да ги откријат внатрешните и надворешните непријатели на Албанците. Тие што навреме требаше да ги маркираат оние што се про српските штабови, да ги обзнанат некогашните и денешните шпијуни, да ги ништожат тие што немислат како тие, како оние од штабот на ДПА. При што, сета оваа активност ја прогласија дека е неспорна компонента на западната демократија, која е важен предуслов, без што нема да може да се демократизира албанската популација во РМ.

И да завршам, таа неразумна конфронтација ја направија тие што меѓусебе и меѓу Албанците го видоа себеси како кодоши и во ова време.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дин Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Јас мислам дека бев конкретен и дадов конкретни факти за тоа. Не сакам да кажувам уште поконкретно или да се анализираат изборите или кампањата што ја водеше во времето Петковски и другите од штабовите на СДСМ во Западна Македонија итн. Затоа ќе зборуваме во друга прилика. Ако сакаат имаме уште податоци во врска со тоа. Па, нивно е тие да анализираат и да донесуваат ставови или да ги именуваат ставовите, не е проблем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Бидејќи друг не се јавува за реплика, збор има г-динот Воислав Стојановски. Дали ќе користи право на говор или ќе се откаже, ве молам изјаснете се.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, г-дине потпретседателе, бидејќи координаторот во името на пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ не замоли да се откажеме од понатамошните наши дискусии, јас ќе се придржувам кон тоа и се откажувам од дискусијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине потпретседател, почитувани колеги пратеници, најнапред би сакал да протестирам против една ваква реторика, каква што ова попладне овдека беше практикувана во Собранието.

Не само заради дигнитетот, достоинството на Собранието, пред се, заради човечкото достоинство. И, тоа се случи и прекчера. При крајот исто така, на денот од типот зошто не дојдат, па право во Бардовци да ги однесат. Или, вие сте убијци и треба да одите во затвор. Ве молам, јас преферирам дијалог, разговор. Собранието е политички дом, кој што дава можности сите ние, со различни политички ориентации, погледи на состојбите, да се сочелиме со своите мислења и погледи, меѓутоа, никако да не го доведеме во прашање своето достоинство. Затоа што, не само заради тоа што не гледа јавноста и низ таа призма ќе суди колку Парламентот може компетентно да размислува, туку ако ние меѓусебе кажуваме дека сем за Бардовци и за во лудница, луѓето едноставно низ таа призма и ќе го гледаат Парламентот. И не само што нема да им бидат занимливи нашите седници, туку одлуките што ќе ги донесеме, законите, ќе бидат ставени под голем знак на прашање за нивната тежина, политичка, специфична итн.

Но, еве, за темата. Јас се пријавив на почетокот на оваа седница со намера да учествував во расправата, убеден дека ова е значајна тема. И, тоа мислење го делам и сега дека нема ништо поприродно, одколку Собранието да расправа за изборите, за локалните избори и не само заради тоа што претседателот на Собранието ги распишува изборите, туку заради тоа што нема друго поприродно место, отколку Собранието да даде оценка за се она што се случи пред изборите, за време на локалните избори, особено после изборите. Со единствена цел да ги детектираме вистинските причини за една таква состојба, од тоа да извлечеме поука. Не само да не ни се повторува она што ни се случува, туку заради стабилноста на Република Македонија. Пред се, за иднината, наша, поединечна, на нашите деца, на демократијата во Република Македонија, и се разбира на државата Република Македонија. Ако тоа не го направиме, ако ни се повторуваат претседателските избори, вториот круг од 1999 година, локалните избори 2000 година ве уверувам следни избори во Република Македонија едноставно нема да има. Или, наша судбина ќе биде Кондово кое што стана парадигма за енергичен став на граѓаните во Република Македонија. Таму ни покажаа граѓаните ако и натаму мислите избори со насилство, со терорство да спроведувате, правете си сами избори ние нема да излегуваме на изборите. И од тоа заклучокот што ќе биде? Како што видовте и во вториот круг Кондовчани не излегоа на изборите. Ја игнорираат политичката одлука на Собранието, односно на претседателот на Собранието да се оди на локални избори. Сега, нас ни преостанува на следните избори во Кондово или да се делегира претставник, полномошник на Владата, повереник или граѓаните сами да си го уредуваат животот како на дивиот запад, или пак да ни се случи она што се случи во Струмица, во општина Центар, во Дебар, во Охрид итн. Јас мислев низ таа призма да разговараме како одговорни субјекти, членови на различни политички партии. Морам да ви кажам дека со непријатно изненадување ја примив одлуката на пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ да не учествуваат понатаму во расправата. Тоа може да се толкува на неколку начини.

Може да држи ова што г-ѓа Марковска го кажа дека одлучиле да не учествуваат повеќе во расправата, бидејќи не наоѓаат смисла во таква стерилна расправа да учествуваат. Беспредметна била расправата натаму.

Или, како што реплицираше еден колега дека тие, дваесетина пратеници се произнесоа и нема причина повеќе, своите ставови ги презентираа и нема причина повеќе да учествуваат во расправата.

Но, може да биде и нешто друго. Може да биде нешто многу попоразително што и јас како член на ова Собрание, претпоставувам и вие нема да се согласите, дека Собранието е инструментализирано. Дека сепак во Македонија одлуките се носат на некое друго место, во мал круг, тесен круг, а Собранието треба да го одигра само танцот на музиката. Да гласаме и таа политика да продолжи.

Гледано низ таа призма навистина мислам дека ние денес, немојте да ми се лутите, не сакам никого да навредам, кога говорам ние, мислам за сите пратеници, немаме компетентни, релевантни соговорници, бидејќи она што се случи во Република Македонија не само во вториот круг од претседателските избори и овој втор круг на локалните избори е инспирација, идеја и реализација на многу тесен круг на луѓе. И, јас нема да се плашам од тоа да кажам со полно име и презиме на најодговорни луѓе двајца во оваа држава што го направија ова се г-динот Љубчо Георгиевски и г-динот Арбен Џафери. Имам право тоа да го спомнам, бидејќи г-динот Џафери е пратеник и неговото место е во пратеничките клупи. А, г-динот Георгиевски како претседател на Владата, очекував, искрено речено, барем да не удостои барем еднаш да присуствуваше на една ваква дебата на ова Собрание. Бидејќи, Владата по дефиниција е најодговорна за спроведување на изборите и има инструмент државен што стои на располагање. А, како што гледате, ниту еден министер, барем оние што толку често ги прозивавме овдека, министерот за внатрешни работи, заменик министерот, министерот за правда итн. Ете видите не игнорираат апсолутно не сакаат да учествуваат во тој дијалог. Јас тврдам, не само оние пратеници што досега говореа во овој Парламент и тие што се сите овдека присутни и надвор од овој Парламент, апсолутно немаат вина за она што се случи на вториот круг на претседателските избори и вториот круг на локалните избори. Апсолутно, немаат никаква вина, заради тоа што идејата е потекната од друго место, а тие луѓе не сакаат со нас да разговараат. Но, за тоа ќе кажам нешто подоцна, бидејќи навистина сметам дека треба да направиме една објективна проценка што се случува во Македонија, со македонската демократија и со иднината на Македонија. Па, низ таа

призма да ја поделиме одговорноста, кој за што е одговорен. Ако ние тоа не го направиме, ќе ни се оствари заклучокот, онаа оценка што беше на ОБСЕ, дека не може демократија, а да нема цивилизација. Или знаете, заклучокот е јасен, прво, да се цивилизираме, па после да се демократизираме како држава. Пак ќе се согласите дека тој процес е многу долг и многу макотрпен. А, дека е тоа една од најнегативните оценки и најжешкиот шамар што го има добиено Република Македонија во последно време. И, не сакам да ве оптоварувам, она се е денес како последица на овие два изборни циклуси што се случија во Република Македонија, за што протестираат и определена група интелектуалци во Република Македонија. Исто така и она што се случува денеска околу финализирањето на нашите преговори со Европската Унија, дај боже, од се срце, мислам нема човек во овој Парламент, кој што не посакува Македонија да ја заклучи Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Нема таков човек, а тоа сме го повториле овде сто пати.

Меѓутоа, дали после вакви избори, тоа ќе се случи?

Дали одговорот на Меѓународниот монетарен фонд значи само одлагањето на склучувањето на аранжманот или е дефинитивно прекинувањето на преговорите со Македонија. За, секако, сношти да слушнеме на телевизија едно еуфемистичко толкувања, па можеби е заради тоа што Република Македонија има огромен Буџет и може да испадне од редот на земјите, кои што заслужува да се заклучуваат такви аранжмани. Да не се води транспарентна политика односно разговорите на нашата делегација на чело со г-динот Топурковски што ги води во Брисел ние дознаваме по некои оскудни информации изјави од новинарите. Немаме транспарентност во настапите. Сето тоа е наша обврска. Ние, не само заради тоа што парламентарното мнозинство ја избра таа Влада, туку заради тоа што вршиме и политичка контрола над работата на Владата. Таа е должна не само да присуствува, туку постојано да стои на располагање на пратениците за определени прашања.

И, не случајно, почитувани колеги, морам да ви кажам многу ми се допадна една, која беше многу духовитата забелешка на еден новинар, кој што во еден дневен весник запиша дека Македонија има два изборни круга од две причини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Првиот изборен круг за да види власта што мислат граѓаните за власта и како власта да се организира? А вториот изборен круг е за да видат граѓаните што мисли власта за граѓаните и така да се организираат.

Ако навистина ова е многу логична реченица, мене, апсолутно ми звучи логична после се она што се случи. Одговорот на граѓаните на Република Македонија во првиот круг беше многу жесток. Излегоа и кажаа што мислат и јас ќе бидам пред вас, исто така, отворен и ќе кажам, не заради тоа, тоа е одговор на граѓаните на Република Македонија, кој беше многу жесток во смисла што гласаа со огромно мнозинство за кандидатите на опозицијата "За Македонија заедно", меѓутоа не заради тоа што ние бевме толку добри или нашите кандидати што беа толку добри. Се разбира, и тоа има влијание. Има влијание и кампањата. Меѓутоа, пресудно беше она што се случуваше во Македонија последниве две години. Не говорам само за она, ветувањата на опозицијата 1998 година пред парламентарните избори. Пред се што се случуваше после парламентарните избори. Некој од колегите овде кажа, навистина стои дека партиите што се на власт, што ги добиле парламентарните избори, по правило ги губат локалните избори. Меѓутоа, можеби ќе ги изгубат, би рекол, со чесен пораз.

Но она што се случи беше енергичен одговор на граѓаните на Република Македонија дека се крајно незадоволни од начинот на кој што власта ја практицира власта во Република Македонија. Скоро немаше место каде кандидатите на опозицијата "За Македонија заедно", во поголемите градови, каде не победија во првиот круг или не победија за 20 до 60 гласови. А, видете после какво салто мортале беше во вториот круг. Значи, граѓаните во првиот круг ја казнија власта за она што го направија во вториот круг на претседателските избори. Ја казнија за трампата на војниците со Хасани. Ја казнија за Арачиново. Ја казнија за ниските плати. За големиот технолошки вишок, за отпуштањето од работа. Ја казнија за меѓународната позиција во Македонија што се одлагаат сите прашања, што не се решаваат. Ја казнија за дисциплинирањето на медиумите, за уривањето на правната држава, за

рушењето на принципите на правната држава, за упадите во судството.

Ова што денес ни се случува, ве молам, само една проста анализа, една ретроспектива наназад на нашите разговори со ММФ. Како можеше, навистина, не можам да сфатам да се удри да се пуштат инспектори во две фирми Комерцијална банка и Алкалоид, каде се инволвирани Светската банка и Европската банка? Мислите тоа не го гледаат луѓето од надвор? Заклучокот е нормален, ако оваа Влада може да посегне по фирми каде има капитал од надвор, што се добри, профитабилни фирми, што тогаш ќе разговараме за реформи, за финансиски аранжмани, за ММФ за Светска банка? Дали можеме навистина пред овие субјекти тоа да го браниме?

Не станува збор за други фирми. Ги посочувам оние фирми во кои што очигледно дека се пропуштило или намерно се демонстрира моќ и власт, што денес читаме и електронските медиуми од вчера известуваат дека Македонија се одлучила за малку поофанзивен став во преговорите со ЕУ. Баш да видам каква е таа офанзива. Дека поупорно ќе ги бранат нашите ставови.

Шансата е испуштена.

Тоа е, почитувани пратеници, заложбата за отворен дијалог. Иднината на државата, реформите во Република Македонија нашето интегрирање не можат да бидат прашање само на владеачката структура, само на Владата и парламентарното мнозинство. Тоа се прашања за кои што апсолутно сме заинтересирани сите и опозицијата. Меѓутоа и граѓаните на Република Македонија. За тие прашања мора да се најде начин да се разговара, бидејќи во прашање сме сите. Парламентот е само една од формите. Тоа е место за врвен политички договор. Има и многу други.

Не случајно спомнав, зошто, на пример, не се амортизира незадоволството на граѓаните па да се излезе со јасна платформа за преговорите во Брисел. Колку полесно ќе му биде на г. Топурковски и на целата екипа да го има зад себе мислењето на опозицијата. Меѓутоа, зад себе да го има и колективниот ум на државава, да ги има овие луѓе од Академијата и другите интелектуалци, тие, исто така, ја сакаат Македонија како своја држава, а тоа нема да му штети.

Се заигра на картата покојник или полковник или покојник. Ние сме тие кои ќе го делиме успехот пред граѓаните на Република Македонија, меѓутоа ние сме тие кои ќе го платиме цехот. Цехот почна да се наплаќа.

Зошто го говорам ова? Низ призма на она што деновиве често пати беше овде спомнувано - кој беше виновен за тоа што се случи? А, ни се случија страшни работи. Хаотични избори од која оценка тешко можеме да побегнеме. Мислам дека ние дефинитивно одиме во еден бунар од кој тешко ќе можеме да се спасиме. Дај боже да не е така. Во која нема да се препознае кој од опозиција, а кој од позиција. Па, утре и да се променат улогите, состојбата во Македонија веројатно долго време ќе остане иста, затоа што тие не ценат како Македонија. Не не ценат како една власт во Македонија. Дали имаме потенцијал во државава да ги спроведеме реформите, иако ни кажаа сто пати дека тоа не е така. Ако не знаеме тој целокупен потенцијал да го искористиме, навистина, власта тоа можеше да го направи, ние овде можеме, и ве молам, да се растовариме од тие интереси затоа што не е вечно. За две години ќе има нови парламентарни избори. А, ние носиме историска одговорност зошто не сме ги покренале тие прашања. А, ако ги покренуваме тие прашања да бараме и излезно решение. Што се случи на овие избори. Се случи суспензија на елементарните човечки права на глас, на слободата на изборот, и тоа се направи во режија за која што овдека многумина говореа, и за кој јас навистина се согласувам. До крај се дискредитираат државните органи, се инволвираа сите државни орани, од министри кои што беа овдека спомнати, Државната изборна комисија, изборните комисии, јавните претпријатија, со единствена цел да се спаси кожата што дојде во прашање после првиот круг. После онаков енергичен одговор на граѓаните во вториот круг, власта заигра на единствена карта, да се спаси честа, што може да се спаси почесно да се излезе од овие избори, и ги примени методите на насилство и терор, фалсификат, подмитување и плаќање. Не е во прашање кој е повеќе виновен. По дефиниција власта е таа што требаше на мирен начин да го спроведе, а не бегаме и од она што е наша задача како опозиција. За нешто сум се јавно признал, меѓутоа, Државната изборна комисија, како државен орган, најодговорен за

изборите, за спроведување на изборите во секоја демократска земја, стана исто така инструмент во рацете на Владата. Не говорам на парламентарното мнозинство, затоа што одлуките таму се носат. Па се обидуваат дури и да сугерираат на Охридскиот суд, да фалсификува исправа која што служи како доказ за сторено кривично дело. Од овдека потекна Државната изборна комисија да дава мислење до Охридската изборна комисија дека треба да се предаде личната карта, која што била фалсификувана, и која како доказ ја има изборната комисија од Охрид, за да се сокријат трагите. Тоа нема право да го направи.

И, како беше одговорот, што навистина е достоинствено. Одговорот на охридските судии беше многу енергичен. Не ни се мешајте во работата, бидејќи ние совесно си ја вршиме работата. Претседателот на Државната изборна комисија од Охрид даде оставка. Со тоа се солидаризираа сите судии во Охрид. Со таа одлука на охридските судии се согласи еснафот, се согласија сите судии, и имаа здружението на судиите своја седница и издадоа соопштение од која кажаа дека се солидаризираа со одлуката на судиите во Охрид. Што би било пораката од тоа. Ако се иде и натаму упорно да се инсистира, дека мора да се почитува волјата на определено ситно мало мнозинство, меѓутоа, со крупна моќ во одлучувањето, ќе ни се случи можеби на следните избори да не сакаат судиите да бидат членови на избирачките комисии, односно на изборните комисии. И власта што ќе прави тогаш, ќе мора да делегира судии, а тоа е крајно не непопуларна мерка, апсолутно против законита мерка. Можат, говорам како правник сега. Може да ме убедуваат колку сакаат, меѓутоа, делегирање на судии, станува збор за делегирање на судии  само во услов кога не е во состојба некој судија на определен суд да ја врши работата, испомош се делегира да ја врши судската работа. Не е во општинската изборна комисија. И доколку се разбира до тогаш не се случи она најлошото, од што се плашат граѓаните на Република Македонија. Ако власта до тогаш не успее да ги смени сите судии, тогаш ќе делегира судии по изборните комисии на начин кој што го прави сега. Тоа не е ништо друго, туку, не само најфлагрантно кршење на принципите на оваа држава, и на уставните принципи, за самостојноста на судот, туку едноставно покажување на ароганција на насилство, затоа што тие тоа треба тоа да го направат. Државата не е во состојба со друг инструмент да го направи.

Не сакам да говорам на кој начин беше инструментализирана позицијата, министрите, како дојде до сите тие печатења на лични карти, на избирачки легитимации итн., мноштво гласачки ливчиња за сето тоа тука говоревме. Одговорот на тие прашања ако не го најдеме, мислам дека е џабе што расправавме сите овие денови. Ако останеме и натаму упорни, дека сето она што го направила власта е добро, а дека опозицијата направила лоши потези за време на изборите, тогаш работата сме ја завршиле.

Не бегам навистина, ќе ви кажам и пред вас отворено. Нема ангели ниту во опозиција, ниту во власта. Меѓутоа, власта е таа која што ги берела орихите, власта е таа која што ќе ги сноси последиците.

Овдека слушнав обвинувања, дека доколку не беше онаква реториката на опозицијата, и до колку овие избори не ги прогласија да се биде или да не се биде во Република Македонија, ќе беше се во ред. Утре сабајле. Не можеше власта да се согласи со онака убедлив пораз и она мораше да се вади. И што е причината, а тогаш овие од опозицијата имаа многу воинствена реторика, и народот го измамија со паролата "доколку гласате за кандидатите на опозицијата, гласате за предвремени парламентарни избори". Па ве молам, тоа се инструменти, тоа се легитимни средства на политичка борба. Вие на почетокот настапивте како парламентарно мнозинство, пак ќе речам, не сте вие виновни, јас говорам пак за соговорниците кои не се тука присутни. Настапивте, дека ова станува збор за обични локални избори, и нема ние што тука да го доведуваме во прашање легитимитетот на Владата, на власта. Меѓутоа, како се доближуваше денот на изборите, притисокот стануваше по жесток, и вашиот одговор беше многу пожесток. Ако е така вие сакате да види народот што мисли за власта, тогаш ние ќе одговориме, меѓутоа одговоривте со многу нечесни средства. Друго беше да си водите кампања, навистина, ние го убедуваме народот дека станува збор за да се биде, или да не се биде за Македонија, дека се гласа за предвремени избори, дека е тоа референдумско прашање, јас сфаќам дека тоа го исфорсира власта. Можеби ние

исто така, според ваше мислење, требаше да настапиме по умерено, да се натпреваруваме во овие избори за градоначалници, за комунална инфраструктура, за основно образование, основна здравствена заштита. Меѓутоа, имавме и морално право пред граѓаните на Република Македонија, да бараме и да се тестира довербата на граѓаните во власта. Ако сакате, тоа се прави во секоја држава. Според тоа, на легитимни средства на политичка борба што ја применуваше опозицијата, вие одговоривте со насилство во многу места. Немаше потреба опозицијата да прави насилства, затоа што сите големи центри во првиот круг ги освои, градоначалничките места, огромен број на советнички места, па ако сакате земете само една споредба. Никола Поповски некаде го кажа, незнам дали во колумната или во некој текст, во градовите кај што освоија градоначалнички места кандидатите на опозицијата, две третини од популацијата на Македонија живее, а една третина од популацијата живее, во градовите, и местата, кај што ги освои Коалицијата за промени. Тоа се математички бројки, или ако сакате да ги споредуваме, па еве земете ги и бројките.

И за тоа ќе ви одговорам.

Постојано се повикувавте на тоа. А вие што правевте?

А ние што правевме, кажа народот 1998 година. Вие немате право тоа да го правите, бидејќи луѓето ви дадоа доверба. 1998 година излеговте со ветувања страшни. Што направивте од тие ветувања?

Изборите се почитувани колеги, изборите се основното легитимно средство, и кажете ми, дали Република Македонија од 1998 година имала подемократски избори. Тоа не е оценка моја, тоа не е оценка на експерти од Република Македонија, тоа е оценка на надворешните монитори и групи кои доаѓаа во Република Македонија. Ова стои во извештајот и на Советот на Европа и на ОБСЕ. Таман што помислија дека Македонија тргна по демократски пат, се случи она што се случи 1999 година, во вториот круг. И мислевме дека тргнавме добро, еве ни се случи ова. Бидете сигурни дека немате право вие да се вадите на флоскулата и вие тоа истото го правевте. Граѓаните жестоко казнуваат за тоа што некој правел, или не требало да го прави, или ветувал нешто ќе прави, а не направил. Изборите се следниот чекор, меѓутоа, дајте шанса во Македонија да се организираат фер и демократски избори. Нема да ни ја биде државата, ве уверувам во тоа.

Сега, за да бидам многу поконкретен, реков пред малку како низ еден пример се случуваше, бидејќи потекнувам од општина Центар, за да не сфатите дека говорам на памет. Во општина Центар, централната скопска општина, во првиот круг, се гласаше за советници. Коалицијата за промени освои три советнички места, со зборови и со бројки, три советнички места. Од 23 советнички места во Центар, Коалицијата за промени освои само три, а Коалицијата за Македонија заедно освои 13. Видете какво е расположението на граѓаните, без притисок.

(Дофрлување во салата - лош).

Незнам за кого е лош, за СДСМ апсолутно среќен број, и за Коалицијата за Македонија заедно.

Но сепак би ви препорачал да се воздржите, после можете да реплицирате.

Кога станува збор за градоначалник.

Во првиот круг, кандидатот на Коалицијата...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Тито, оставете статистика, говорете за збиднувањата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски, јас знам дека немате трпение и дека фактите ви пречат. Еве појдете одморете се, здивнете малку. Ако не ви се слушаат факти, ве молам. Можете вие да претседавате со седницата, да прекинете, како човек здивнете малку, напите се вода, меѓутоа, фактите се несоборливи, бидејќи, кандидатот на Коалицијата за Македонија заедно, во првиот круг освои 19.000 гласа, и само за 61 глас не победи во првиот круг.

За да видите салто мортале во вториот круг, патем да ви кажам за илустрација, на второ место беше кандидатот на ПДПА - НДП со 7.100 гласа, а на трето место беше кандидатот на ВМРО - ДПМНЕ и ДА до 5.900 гласа.

Е сега погледнете, како за 15 дена, каква промена, колку луѓето изгубија доверба во кандидатот на Коалицијата за Македонија заедно и во кандидатот на ПДПА - НДП, а луѓето дојдоа до сознание какви волшебни способности има кандидатот на ВМРО -

ДПМНЕ и ДА. И да видите. На едно избирачко место 2488, кандидатот на ВМРО - ДПМНЕ и ДА во првиот круг не освои ниту еден глас (0), во вториот круг освои 791 глас. Во истото избирачко место кандидатот на ПДПА - НДП освои 591 глас, а во вториот круг 12 гласа. Е има ли логика, ве молам, може ли ова да се објасни?

А, за да биде поинтересно уште еден пример ќе ви дадам, имајте трпени и за тоа.

За одзивот, на едно избирачко место, помеѓу 18,00 и 19,00 часот, излегле 1.000 избирачи, и сите гласале за кандидатот на Коалицијата ВМРО -ДПМНЕ и ДА, тоа стои во Извештајот, ве молам.

(Уфрлување од место - тоа го знаеме).

Тоа го знаете, знам дека го знаете. Значи, имаме Одлука, имаме со години сондирани некои сознанија кој е оптималниот број на избирачки места, и така се тие профилирани. Во просек избирачките места во Македонија, бројат помеѓу 600, 650 до 720 избирачи. Во просек говорам, некаде каде што има концентрација поголема, над 1.000. Тоа е направено од единствена причина, тоа не убедуваат стручњаците кога го правевме законот, од единствена причина за да биде нормално гласањето, за да можат во рокот од 12 часа тие 700 луѓе да излезат нормално на избори и да гласаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Дали е можно ако само еден човек влезе да гласа, да го земе гласачкото ливче, да го пополни и да го спушти во кутијата, да речеме му треба една минута минимум, можеби и повеќе. Може ли 1000 души да гласаат, за 60 минути. Колку ќе гласаат тогаш просечно во минута. Тоа се факти. Ова зошто го кажувам? Ова го кажувам, за да се види целокупната тактичност на изборите. Од овие избори, за да се види каков ќе биде кредибилитетот, каков бе биде угледот на градоначалникот, кој што знае дека свечено е избран на овие избори.

Никого почитувани колеги, не можете да го убедите дека квалитетот на кандидатот одлучува овдека. Дека цврстината на коалицијата одлучува, кога знаат дека и вашите луѓе кои што биле членови на избирачките одбори и контролори. Знаат како тоа е направено. Помеѓу 18,00 и 19,00 часот се избркани избирачките одбори и доаѓаат силеџиите. Не е тоа само за општината Центар, или за западниот дел од Македонија итн.

Според тоа, наша обврска е тоа да го спречиме, ако сакате да обезбедиме фер и демократски избори. Ако тоа не го направиме Македонија никогаш нема да биде сериозна држава, почитувани пратеници.

Сега доаѓам на она прашање што ви го кажав на почетокот. Зошто сметам дека најодговорни, за ова што ни се случи во вториот круг 1999 и вториот круг од 2000 година, се г-динот Љубчо Георгиевски и г-динот Арбен Џафери.

Прво, навистина не можам да сфатам, како може да излезе г-динот Георгиевски и отворено да каже дека овие избори беа сериозен чекор напред во демократијата во РМ. Граѓаните логично си го поставуваат прашањето, како изгледале недемократските избори, ако овие се демократски. Што треба уште да се случи, па да бидат тие тоа што се случи. Да излезе г-динот Георгиевски и да ги оправда Колегите се тука. Една од причините беше што вашите вчерашни колеги што се во друга пратеничка група во ВМРО - ВМРО, да каже дека е легитимно право на луѓето да протестираат, затоа што нивното излегување од ВМРО - ДПМНЕ е последица на недоследност во политичката и моралната димензија. Скандалозно. Тоа значи оправдување. Навистина не можам да сфатам како имаше храброст да излезе пред јавноста, пред камерите и да каже. Јас ги разбирам луѓето дека спонтано реагираат. Во исто време, во неколку градови на РМ луѓето спонтано да реагираат и на ист начин. И да се доведат во ситуација некои пратеници да пукаат. Неоправдувам пукање. Тоа се избори, тоа е свечен чин. Меѓутоа, спонтано собирање на 1.500 луѓе и да биде апсурдот поголем, видете што се случува. Во Информацијата на г-ѓица Доста Димовска стои дека скоро против сите пратеници се поднесени кривични пријави. А за оние, кои што спонтано се собирале таму, ќе испита дали има основ за прекршоци. Ќе ви кажат правниците кои елементарно го познаваат правото и собирањето во толпа, заради тоа што се направи, е кривично дело. Тоа мораше да го знае и министерот за внатрешни работи.

Според тоа, ве молам, само заради тоа, во цивилизирани земји, да се нападне пратеник, па тоа не е скандалозно. Зошто? Заради тоа што преку пратеникот е пренесен суверенитетот на граѓаните. По нашиот Устав носител на суверенитетот е граѓанинот. Од него произлегува и нему му припаѓа. А ние како пратеници го носиме овде. Тоа е напад против државата. А ние цело време разговараме овдека, дури и

некои колеги се обидуваат да најдат аргументи, да го оправдаат нападот врз пратениците. Не дај боже, да се најдете во ваква ситуација и по следните парламентарни избори, јас незнам дали така ќе размислувате, како што размислувате сега. Сигурен сум дека жестоко до сите домашни институции, Владини, невладини и меѓународни ќе реагираат, како што впрочем тоа го правеше ВМРО - ДПМНЕ дури беше во опозиција. Одеднаш ги променивте вашите погледи за демократијата, за Уставот, за законитоста. Тоа не е во ред почитувани колеги. Така не можеме да градиме стабилни односи во државата.

За г-динот Џафери, кога реков овој договор е направен помеѓу нив двајцата, апсолутно, и сега стојам зад тоа, бидејќи тоа е уиграна шема, видоа прифитабилен беше прваиот круг 1999 год, убаво се договорија за истата шема и оваа година и ја спасија честа на Владата. Незнам дали е спасена. Ќе видиме, ќе покаже иднината. Ако беше во прашање спасена честа и до колку г-динот Георгиевски живееше во убедување дека ги доби овие избори, нели во Македонија се спориме сега кој ги доби изборите, па новинарите се шегуваат и опозицијата и власта ги доби. Ако ги добил изборите г-динот Георгиевски како што вели и излезе машки да вети до колку 10% добиете повеќе гласови од коалицијата за промени и владината коалиција потоа го уфрли во игра, тогаш ќе распишеме предвремени парламентарни избори. Ете шанса. Ако навистина победи, тоа се прави во сите земји, за да си го продолжи мандатот премиерот, тој ќе согледа преку изборите дека нам поддршка кај граѓаните, ќе распишат нови избори и ќе добие уште четири години мандат. Тоа го направи Симитис во Грција, тоа го прават и на друго место. Ако мисли дека е победник на изборите ќе излезе и ќе каже почитувани граѓани ви стои пред вас и мојата влада и мојата власт, повелете кажете дали сте за таа или не.

Според тоа, работите не стојат така. Тоа е директно признавање на пораст. Но, да не бегам од неговиот другар, од господинот Џафери. Мислам дека сум апсолутно сигурен, а сум имал можност да разговарам и со пратеници и од власта, од парламентарното мнозинство некој, срамежливо а некој никако тоа не го артикулира.

Двете фундаментални тези и заложби на господинот Џафери во Република Македонија, постепено се реализираат.

Првата фундаментална цел му беше во Република Македонија нивото на демократијата да се сведе на она што е во Албанија, за да влеземе заедно во ист брод. И тоа се случи. Не само што нивото на демократијата во Македонија е спуштено на нивото на Албанија ние сме и под, ние сме долу. Албанија ни покажа, а светот реагираше. Оценките на ОБСЕ на советот на Европа и на Европската комисија беа Албанија организира демократски избори и ја пофалија албанската влада, што не се случи со Владата на Република Македонија. Што значи, место заложбата за спуштање на нивото на демократските процеси да биде на нивото на Албанија, ние отидовме многу долу.

Втората заложба фундаментална на г-динот Џафери беше Република Македонија и натаму да остане недефинирано подрачје, кое ќе служи за логистичка поддршка за остварување на идејата Косово Република. Како што гледате, г-динот Џафери го нема овде во клупите. Тој е преокупиран со друг проект. Тој постојано упорно работи на таа идеја и не му се допаѓа ни Милошевиќ ни Коштуница. Веројатно е преокупиран со избор на нов претседател на Србија и Југославија. Упорно работи на тој проект. Мислам дека не е далеку. Прашање е само каде оди македонскиот брод, каде оди Македонската држава. Тоа мора да биде грижа за сите нас. Мораме навистина да одговориме на неколку прашања. Зошто ни се случи да ни исчезнат 120 илјади избирачки легитимации, па да се делат заедно со фалсификувани лични карти. Зошто ни се случи да апстинираат од изборите 600 до 700 илјади избирачи во Република Македонија. Зошто ни се случи да имаме над 120 илјади неважечки ливчиња, кои што се уфрлени во кутиите.

Овој Парламент, преку Анкетната комисија и за сите оние работи што разговаравме, мора да даде одговор на тие прашања. Ако немаме одговор на тие прашања залудно не само што изгубивме две недели туку мислам дека не можеме да партиципираме ништо во иднината на оваа држава. Затоа што, без одговор на сите овие прашања што ги поставивме и овие на крајот, ние можеме само, како што ни го дадоа местото меѓународниот фактор, да се бориме да не бидеме последни овдека. Македонија повеќе не е лидер на демократските процеси на Балканот. Некој друг го зеде знамето. Македонија ќе си остане на дното. Ако е тоа наша желба, треба да ги поштедиме сите. Постојано овдека поддржувате секоја Влада.

Господо од парламентарното мнозинство, а господинот Георгиевски менува веќе четврта влада. Тоа најдобро демантира дека владата не чини. Вие упорно ги браните сите министри и сета влада. Треба навистина да се адресира навистина. По оваа расправа ние треба да го лоцираме местото на одговорност кај вистинскиот субјект. За мене нема дилеми. Тоа е Владата на Република Македонија. Јас и од овде го повикувам г-динот Георгиевски, да не се создава атмосфера во Република Македонија, што е карактеристика на Балканот. Сите режими што така егзистираат, така поминуваат. Ни се случи Софија, ни се случи Тирана, Букурешт, Белград. Недај боже тоа да се случи во Скопје. Јас сакам да ви кажам. Нема човек што тоа го посакува. Но, имаме должност да предупредиме на тоа. Ако работиме вака, потпикувајќи ја прашината под килимот или главата во песок, не можеме да бидеме најодговорните субјект за состојбите во државата. Не обвинувам никого. Јас на почетокот реков. Како пратеници имаме подеднаква одговорност. Меѓутоа, уште еднаш ќе кажам. Ние не сме тука пратениците што одлучуваме. Некој друг одлучува, а ние сето тоа го аминуваме. Во овој случај го аминува парламентарното мнозинство.

Мислам дека вистинската адреса е Владата на Република Македонија. Доколку имаат доблест и достоинство, господинот Георгиевски ќе излезе и ќе си поднесе оставка. Ќе повика на предвремени парламентарни избори, за да си ја зацврсти позицијата, а не да ја изгуби Државната изборна комисија да се распушти. Господата министри, госпоѓица Димовска, господинот Насуфи и заменикот Министер за внатрешни работи да си поднесат оставка, бидејќи тие се највиновните за она што се случи на овие парламентарни избори. Ако тоа не го направиме, почитувани мои колеги пратеници, ние и натаму ќе останеме само евтина карта во рака на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине Петковски во вашето излагање го спомнавте преговарачкиот тим на господинот Тупурковски, во контекст дека во тој преговарачки тим работат само членови на Демократска Алтернатива и на ВМРО. Неколку пати и преку медиумите и овдека во Парламентот е кажувана вистината за тој преговарачки тим, меѓутоа, таа вистина кај вас не допира и постојано ја спомнувате вашата вистина. Правата вистина е оваа: експертските тимови кои што работат и сите експерти што работат во тој преговарачки тим и кој го помагаат во своите експертизи се членови поставени од Владата на СДСМ. На пример, одделението за Европски интеграции е составен од господинот Јане Миљовски и госпоѓата Златка Поповска. Никој не е сменет. Луѓето по министерствата исто така. Од времето на господинот Фрчковски и господинот Ханџиски. Членот што е за трговските односи е од Либерално демократската партија и тоа главниот преговарач за трговските односи. Но, во исто време понудено е на господинот Нано Ружин од вашата партија да биде член, понудено е на господинот Димитар Мирчев, понудено е на господинот Насер Зибери да даде член. Меѓутоа, вашите претседатели најгрубо ги спречија да бидат членови. Јас не верувам дека вие не сте толку многу информирани, меѓутоа, тоа ви одговара.

И мене не ме изненадува од човек, кој што на операциски стол му вградуваше нешто друго, освен тоа што треба да се вгради и не ме изненадува твоето излагање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа продолжуваме во 11,00 часот утре.

(Седницата заврши во 18,00 часот).